

Центар за економски анализи (ЦЕА), Скопје

# Истражување на јавното мислење во девет општини

## ИЗВЕШТАЈ: Климатско финансирање на локално ниво: информираност, транспарентност и подготвеност за граѓански надзор

*Скопје, септември 2026 година*

Ко-финансирано од Европска Унија

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија*

**Грант договор**

**“Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата”**

**Договор бр.
2025/488-600**

## Генерални информации

| | |
|---|---|
| Број на грант: | 2025/488-600 |
| Спроведувач на проектот: | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| Вид на проект: | Грант „ЕУ за владеење на правото“ (ИПА 2021) / Grant EU for Rule of Law (IPA 2021) ) |
| Програма | EuropeAid/183031/DD/ACT/MK |
| Наслов: | Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата |
| Краток наслов: | Климатски финансии |
| Датум на почеток на проектот: | 3/12/2025 |
| Датум на завршување на проектот: | 02/06/2028 |
| Линк: | (доколку е применливо) |

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија*

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот

## Кратка содржина

Executive Summary ..... 3
1. Извршно резиме ..... 5
2. Вовед и контекст ..... 9
3. Методологија на истражувањето ..... 10
4. Информираност за климатското финансирање ..... 12
5. Информирање и транспарентност ..... 17
6. Управување, отчетност и надзор ..... 20
7. Перцепција за корупцијата и точки на ризик ..... 24
8. Подготвеност за пријавување неправилности ..... 26
9. Доверба во институциите ..... 29
10. Граѓански консултации и идно учество ..... 31
11. Заклучоци и препораки ..... 34
Анекс 1. Демографска структура на примерокот ..... 39
Анекс 2. Прашалник ..... 41

*Report: Public Opinion in Nine Municipalities: Report - Local Climate Financing: Awareness, Transparency, and Readiness for Civic Oversight*

# Executive Summary

This study represents the first systematic assessment of how citizens across nine municipalities in North Macedonia perceive climate financing, assess municipal management and expenditure of environment and climate-related funds, and determine their readiness to act when witnessing irregularities. The assessment was conducted via a survey of 1,006 adult respondents between August 8 and August 27, 2026.

Overall, climate financing has not yet emerged as a distinct topic in public discourse. While the term is recognizable, public understanding remains narrow or shallow; citizens cannot effectively monitor what they cannot clearly identify. This gap reflects an absence of foundational knowledge required to form informed opinions on specific projects, budgets, or oversight mechanisms, rather than public indifference.

### Key thematic findings include:

- ***Awareness and Recognition:*** While 58% of respondents are familiar with the term *climate financing*, only 33% can explain it unprompted, and merely 14% provide a comprehensive definition incorporating both financial resources and environmental/climate objectives. The primary association for 41% of citizens is household energy efficiency and renewable energy, whereas international grants and donor funding are cited by only 14%.

- ***Municipal Communication & Transparency*:** Only 29% of respondents feel their municipality adequately informs them about the planning and expenditure of environmental/climate projects, compared to 46% who rate local communication as poor. An additional 24% were unable to evaluate municipal efforts. Public hearings and consultations reach only 16% of citizens, while 52% have never engaged through these channels.

- ***Governance and Oversight:*** Positive agreement across five key indicators of municipal fund management ranges between 23% and 32%. The core pillar of accountability—the existence of adequate control and oversight—received the lowest rating (23% agreement), alongside the highest proportion of undecided respondents (34%).

- ***Perceptions of Corruption:*** A majority of citizens (57%) view corruption and the misuse of public funds in their municipality as widespread, while only 15% hold the opposite view. Public procurement and contractor selection are identified as the highest-risk phases (28%). These figures reflect public perception rather than proven corruption.

- ***Readiness to Report Irregularities*:** Only 29% of respondents indicated they would likely report a serious irregularity, while 61% stated they would not. The primary deterrent to reporting is not fear of personal repercussions (8%) or lack of procedural knowledge, but scepticism that authorities will take action (29%).

- ***Trust in Institutions:*** Specialized oversight bodies suffer from low public trust and visibility. The State Commission for Prevention of Corruption (SCPC) and the State Audit Office (SAO) hold trust from only 22% and 23% of citizens, respectively. Furthermore, 14% of respondents are unfamiliar with the role of the SCPC, and 20% are unfamiliar with the SAO.

- ***Consultations and Future Engagement*:** Only 10% of citizens report being consulted by their municipality on key environmental or infrastructure decisions over the past three years. While

25% expressed interest in future civic participation, preference leans heavily toward passive engagement - primarily receiving project outcome updates (19%) rather than direct involvement in resource allocation decisions (11%).

These findings collectively point to a clear pattern. Low conceptual awareness leaves a quarter of citizens without a basis to assess their municipality's performance in managing this sector and public funds.

The absence of visible and recognizable oversight coincides with a general perception that funds are being misused, yet this perception is not accompanied by a high willingness to report irregularities. The institutions to which such reports would be submitted suffer from low visibility and low public trust.

Past civic participation through direct consultations on local decision-making stands at only 10 percent of citizens. However, 25 percent express interest and readiness for future engagement, with the most preferred form of participation remaining passive - namely, receiving information about project outcomes, which calls for greater openness and accountability from municipalities.

Corruption perception is the sole indicator that does not vary between informed and uninformed citizens, standing at 57 versus 58 percent, respectively. All other indicators show differences. This indicates that raising awareness alone will not diminish the perception of corruption, but it can have a measurable relationship with the willingness to report misconduct, trust in oversight bodies, and readiness for civic participation. Ultimately, the findings point to low visibility of oversight institutions rather than a lack of citizen interest.

# 1. Извршно резиме

Ова истражување е првото систематско мерење на тоа како граѓаните во девет општини во Северна Македонија го разбираат климатското финансирање, како ја оценуваат работата на општините во располагањето и трошењето на средствата поврзани со заштита на животната средина и справување со климатските промени и колку се подготвени да реагираат кога ќе забележат неправилност. Мерењето е спроведено на 1.006 полнолетни испитаници, во периодот од 8 до 27 август 2026 година.

Општата слика е дека климатското финансирање сѐ уште не постои како препознатлива тема во општествениот дијалог. Поимот е препознатлив, но малку или тесно разбран, а тоа што граѓаните не можат да го именуваат, не можат ниту да го следат. Резултатот не е индиферентност кон планирањето, трошењето и надзорот врз јавните пари за оваа намена, туку отсуство на основа врз која граѓанинот би можел да формира мислење за конкретен проект, конкретен буџет и конкретен соодветен надзор.

### Клучните наоди по теми се:

- ***Информираност и препознавање -*** Дури 58 отсто од испитаниците се информирани за поимот климатско финансирање, но само 33 отсто можат сами да го објаснат, а само 14 отсто даваат објаснување што ги содржи и елементите на финансиски средства и на нивната климатската намена или намена за унапредување на животната средина. Најчестата асоцијација за граѓаните е средства и инвестиции во обновлива енергија и енергетската ефикасност - кај 41 отсто, додека меѓународните финансии, грантови и донаторските средства ги наведуваат само 14 отсто.
- ***Информирање на граѓаните од општината -*** Само 29 отсто сметаат дека општината добро ги информира за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти од локалниот општински буџет, наспроти 46 отсто што сметаат дека информирањето не е соодветно - лошо. Дополнителни 24 отсто воопшто не знаат односно не можат да оценат. Јавните расправи и консултациите како форма на учество во носењето на одлуки за локалната заедница поврзана со овие средства допираат до 16 отсто од граѓаните, а 52 отсто никогаш не се информирале преку нив .
- ***Управување и надзор –*** Согласноста (позитивна) со петте тврдења за начинот на кој општината управува со овие средства се движи меѓу 23 и 32 отсто. Најслабо оценето е токму она што е суштина на отчетноста: дека постои соодветна контрола и надзор врз трошењето се согласуваат 23 отсто, а кај тоа тврдење и уделот на оние што не знаат да одговорат е највисок, 34 отсто.
- ***Перцепција за корупцијата -*** Дека корупцијата и злоупотребата на јавни средства во општината се распространети сметаат 57 отсто, а само 15 отсто од граѓаните го мислат спротивното. Најризична точка во процесите на трошење на овие буџетски средства се сметаат дека се во процесите на јавните набавки и изборот на изведувачи, и тоа за 28 отсто. Напоменуваме дека ова претставува перцепција, но не и утврдена корупција.
- ***Подготвеност за пријавување -*** Само 29 отсто велат дека веројатно би пријавиле сериозна неправилност, а 61 отсто одговориле одречно. Главната пречка за непријавување на неправилност во трошењето на средствата не е наведен стравот од негативни лични последици - кој го наведуваат 8 отсто, или немањето на познавање за начинот на пријавување, туку неверувањето дека институциите ќе постапат - кај 29 отсто.

- ***Доверба во институциите -*** Двете институции чија клучна улога е токму надзорот се истовремено со најмалку доверба но и најмалку познати. Државната комисија за спречување на корупцијата ужива доверба кај 22 отсто, а Државниот завод за ревизија кај 23 отсто. Притоа 14 отсто од испитаните велат дека не се доволно запознаени со работата и улогата на ДКСК, а 20 отсто со ДЗР.
- ***Консултации и идно учество – партиципација -*** Во последните три години општината консултирала 10 отсто од граѓаните пред носење на клучна одлука која е поврзана со еколошки, климатски или инфраструктурен проект. Додека интерес за учество во носење на некоја идна одлука изразуваат 25 отсто, но интересот е претежно пасивен: најпосакувано е да се добијат информации за резултатите, кај 19 отсто, додека одлучувањето за распределба на средства го посакуваат 11 отсто.

Овие наоди заедно покажуваат јасен образец. Ниската концептуална информираност остава четвртина од граѓаните без основа да ја оценат сопствената општина за успешноста во управувањето со овој сектор и јавни средства.

Отсуството на видлив и препознатлив надзор се совпаѓа со општата перцепција дека средствата се злоупотребуваат, но таа перцепција не е проследена со висока подготвеност за пријавување. Институциите на кои би им се пријавило се слабо видливи и со ниска доверба.

Досегашното учество на граѓаните во процесот на директни консултации за носењето на локалните одлуки е само кај 10 отсто од граѓаните, но со интерес за идна нивна подготвеност на вклученост кај 25 отсто, при што најпосакуваната форма на учество останува пасивна, односно добивање информации за резултатите – поголема отвореност и отчетност од страна на општините.

Перцепцијата за корупцијата е единствениот показател што воопшто не се разликува меѓу информираните и неинформираните граѓани, 57 наспроти 58 отсто. Сите останати показатели се разликуваат во голема мера. Тоа значи дека подигањето на информираноста нема само по себе да ја намали перцепцијата за корупција, но може да има мерлива врска со подготвеноста за пријавување, со довербата во надзорните тела и со подготвеноста за учество. Наодите упатуваат на ниска видливост на институциите за надзор повеќе отколку на отсуство на интерес кај граѓаните.

### Клучните наоди по општини:

- ***Делчево*** – граѓаните имаат релативно добро ниво на информираност и познавање на темата, но истовремено се со најслаба подготвеност за реакција. Во Делчево 64% од граѓаните се информирани за поимот барем на едно ниво, а околу 21% даваат суштински точно спонтано објаснување, што е над вкупниот просечен резултат од целиот примерок. Истовремено, само 14% изразуваат подготвеност - дека веројатно би пријавиле сериозна неправилност, што е најниска вредност меѓу деветте општини и е статистички значајно пониска од Кочани, Крива Паланка, Демир Хисар и Свети Николе. Специфично за Делчево е што главните пречки за пријавување на неправилности, не се само ниската довербата во институциите, туку ставот дека пријавувањето „не е моја одговорност“ и тоа кај 26% и стравот од последици кај 24%. Тоа укажува дека комуникацискиот предизвик не е клучно само знаењето за темата, туку граѓанското чувството на лична одговорност како и сигурноста при пријавување.
- Во ***Кочани*** постои критична јавност, но исто така со релативно висока подготвеност за дејство во пријавување на неправилности. Во Кочани 58% се информирани за поимот, но само 23% сметаат дека општината соодветно добро ги информира, додека 58% даваат

негативна оценка. Перцепцијата дека корупцијата е распространета е висока, 65%, а најризична точка се издвојуваат јавните набавки и изборот на изведувачи, кај 35%, дополнети со загриженост за стручноста и внатрешната контрола кај 27%. Покрај критичната оцена, 44% би пријавиле неправилност, што е статистички значајно повисоко од Делчево, Боговиње, Гази Баба и Струга. Дополнително, Кочани е единствената општина каде довербата во ДКСК, 29%, е нешто повисока од довербата во локалната власт, 27%. Тоа ја издвојува како средина со критички настроени, но сепак граѓани со релативно висок потенцијал за активен ангажман во подобрен граѓански надзор.

- ***Крива Паланка*** е општина со највисоко ниво на информираност и разбирање на темата. Спонтаната информираност е највисока во Крива Паланка, 45%, и е статистички значајно повисока од Гази Баба и Босилово, а околу 26% од сите испитаници даваат суштински точно објаснување на климатското финансирање. Посебно се издвојува високата асоцијација со меѓународни грантови и донаторски средства, 39%, што укажува на пошироко разбирање на финансиската димензија. Граѓаните се релативно добро изложени на информации, 58% преку барем еден извор, но како најголем предизвик – ризик од неправилности и корупција - почесто го идентификуваат слабиот надзор и независната контрола, 21%. Подготвеноста за пријавување е релативно висока, 43%, а меѓу факторите за реакција се издвојува можноста да се приложат јасни докази. Ова е средина во која комуникацијата може побрзо да се помести од основно информирање кон практичен граѓански надзор.

- Во ***Демир Хисар*** има висока информираност и висока подготвеност за учество, но истовремено силна перцепција за ризик од корупција. Демир Хисар има највисока збирна информираност, 73%, и највисок удел на суштински точни спонтани објаснувања, околу 28%. Опфатот со информации е исто така висок, 75%, особено преку локални медиуми и меѓучовечка комуникација. Граѓаните тука, почесто од другите, позитивно ги оценуваат контролата и суштинското учество во носењето на локалните одлуки; согласноста дека постои контрола и надзор е 59% и е статистички значајно повисока од сите други општини, но истовремено 73% сметаат дека корупцијата во општината генерално е распространета, а 41% го лоцираат најголемиот ризик во јавните набавки. Подготвеноста за пријавување е највисока, 62%, а интересот за учество во идни активности изнесува 48%. Овој спој покажува дека високата информираност не ја елиминира критичноста, туку може да оди заедно со поголема подготвеност за надзор и реакција.

- Кај општина ***Боговиње*** главниот наод е неизвесноста, а не позитивната или негативната оценка. Збирната информираност изнесува 54%, но само околу 9% од сите испитаници даваат суштински точно објаснување, што е најниска вредност меѓу општините. Иако 44% оценуваат дека општината добро ги информира (статистички значајно повисоко од Кочани, Демир Хисар, Босилово и Струга) кај повеќе чувствителни прашања е висок уделот на граѓани што не можат да дадат оценка: 49% не се изјаснуваат за распространетоста на корупцијата, 45% не можат да идентификуваат точка на ризик, а 36% не знаат кој е најголемиот предизвик за отчетно трошење. Затоа ниската изразена перцепција за корупција од 23% не треба да се чита како висока доверба. Посебен предизвик е и ставот дека пријавувањето „не е моја одговорност“, кој го наведуваат 36%. Во Боговиње предизвик оттука се институционалното и концептуалниот разбирање.

- Во ***Гази Баба*** е забележана силна перцепција за постоење на ризици од неправилности и корупција, но со ограничена мотивација за граѓанска активност за учество во работата на општината. Во Гази Баба 58% се информирани за поимот, но само околу 10% даваат целосно точно спонтано објаснување. Перцепцијата дека корупцијата е распространета

е висока, 60%, а јавните набавки ги идентификуваат како главна точка на ризик 31%. Сепак, само 23% би пријавиле неправилност и само 10% се заинтересирани за барем идна активност, што е најнизок изразен интерес во истражувањето и е значајно понизок од повеќе општини, меѓу нив Кочани, Демир Хисар, Боговиње, Струга и Свети Николе. Специфичен наод е високото значење на гарантираната анонимност и заштита, која ја наведуваат 33% како фактор што би влијаел врз пријавувањето. За Гази Баба приоритет е форма што бара минимален почетен ангажман за учество на граѓаните.

- Во ***Босилово*** е најсилно изразена институционална невидливост. Иако 56% се информирани за поимот на некое ниво, само 21% можат спонтано да го објаснат, а околу 12% даваат суштински точно објаснување. Само 10% сметаат дека постои соодветна контрола и надзор врз трошењето (кое е статистички значајно пониско од повеќето други општини) додека дури 70% не знаат да оценат дали таква контрола постои. Слична неизвесност има кај перцепцијата за корупција и точките на ризик. Довербата во ДКСК е 6%, во ДЗР 8%, а 53% велат дека не се доволно запознаени со ДЗР. Дополнително, 47% како главна пречка за пријавување го наведуваат неверувањето дека институциите ќе преземат нешто. Кај Босилово клучна интервенција треба да биде видливост и разбирање на системот за надзор.
- Во ***Струга*** има најизразен јаз меѓу слабата институционална комуникација и постојниот интерес за идно вклучување. Само 12% сметаат дека општината добро информира, што е најниска вредност меѓу деветте општини и е статистички значајно пониска од сите останати општини, а само 40% добиваат информации често или понекогаш од барем еден извор. Јавните расправи допираат до само 6%, суштинско учество препознаваат 11%, а соодветна контрола и надзор 13%. Истовремено, 72% сметаат дека корупцијата е распространета, 34% ги посочуваат политичките и деловните влијанија како главен предизвик, а само 16% би пријавиле неправилност. Наспроти тоа, 35% изразуваат интерес за некоја идна активност. Ова е важен сигнал дека ниското досегашно учество не нужно значи отсуство на интерес, туку може да укажува на веќе постоечки интерес за повеќе информации и поотворени форми на вклучување.
- ***Свети Николе*** има најсилна инфраструктура за комуникација и мобилизација, но со простор за подобрување на самото разбирање на темата. Збирната информираност за климатското финансирање е 50%, најниска меѓу деветте општини, но опфатот преку конкретни информациски канали е највисок, 77%.Јавните расправи допираат до 44% (статистички значајно повеќе од сите други општини) а граѓанските организации до 49%. Подготвеноста за пријавување е 56%, довербата во локалната власт 55%, во ДКСК 35% и во ДЗР 41%. Интересот за идно учество изнесува 69%, статистички значајно повисоко од сите други општини, а 41% се согласиле да бидат повторно контактирани. Овие високи вредности треба да се читаат заедно со нискиот удел на неодговарање во Свети Николе, како што е наведено во методолошките ограничувања. Најсилната тематска асоцијација е загадувањето и управувањето со отпадот, 51%. Свети Николе има потенцијал за суштинска форми на заедничко креирање и граѓански надзор, доколку паралелно се подобри концептуалното разбирање на климатското финансирање.

## 2. Вовед и контекст

Овој извештај е изработен во рамки на проектот *Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата,* финансиран преку Програмата на Европската Унија за владеење на правото (ИПА 2021), грант бр. 2025/488-600, чиј носител е Центарот за економски анализи (ЦЕА), Скопје. Теренската реализација на анкетата беше спроведена од Агенција Рејтинг СП-М ДООЕЛ Скопје, во периодот од 8 до 27 август 2026 година, врз репрезентативен примерок од 1.006 полнолетни испитаници во девет општини, за што беше изготвен и соодветен наративен извештај. Прашалникот за истражувањето беше дизајниран за потребите на проектот на ЦЕА.

**Цел на истражувањето на јавното мислење.** Целта на истражувањето е да се спроведе репрезентативна анкета со која ќе се оцени тековното ниво на свесност-познавање, однесување и перцепции на граѓаните во однос на прашањата поврзани со климатското финансирање, управувањето со локалните финансии, корупцијата и довербата. Истражувањето конкретно ги адресира аспектите на отчетност, транспарентност и јавно вклучување во климатското финансирање.

Климатското финансирање на локално ниво ги опфаќа јавните, донаторските и европските средства наменети за енергетска ефикасност, обновлива енергија, заштита од поплави, пожари и други климатски ризици, урбано зеленило и други еколошки и климатски проекти и/или активности. Во Северна Македонија тие средства сè повеќе се насочуваат преку општините, што ги прави локалните самоуправи истовремено оние кои управуваат со овие средства и оние кои одлучуваат за приоритетите.

Токму таа комбинација носи ризик бидејќи средствата се со широк опфат, процедурите се неутврдени, а надзорот е поделен помеѓу повеќе институции. Меѓународното искуство со покажува дека периодот на нивно воведување е и период со најголема ранливост на злоупотреба, бидејќи контролните механизми обично заостануваат зад достапноста на средствата.

Граѓанскиот надзор во таква ситуација има двојна улога. Тој е дополнителен слој на контрола таму каде што формалниот надзор не стигнува и е механизам преку кој корисниците на средствата ја оценуваат нивната корисност. Двете улоги претпоставуваат три работи: граѓанинот да знае дека средствата постојат, да разбира за што се наменети и да верува дека реакцијата има смисла. Ова квантитативно истражување ја мери токму таа претпоставка. Тоа е основно мерење, што значи дека вредноста му е двојна. Прво, тоа ја опишува моменталната состојба во деветте општини. Второ, поставува појдовна точка спрема која подоцна може да се измери дали активностите на проектот направиле некаква разлика.

Истражувањето на јавното мислење имаше повеќе цели. Прво, да се утврди колку граѓаните се информирани за климатското финансирање и што разбираат под тој поим. Второ, да се измери како ја оценуваат транспарентноста и информирањето од страна на своите општини. Трето, да се утврди перцепцијата за интегритетот во управувањето со овие средства и точките каде што граѓаните гледаат најголем ризик. Четврто, да се измери подготвеноста за пријавување неправилности и факторите што ја определуваат таа одлука. Петто, да се утврди досегашното искуство со граѓански консултации и интересот за идно вклучување. Секоја од овие цели е обработена како посебна тема во поглавјата што следуваат, со приказ на вкупниот резултат и на разликите меѓу деветте општини.

# 3. Методологија на истражувањето

**Метод, примерок и теренска реализација -** Истражувањето е спроведено со квантитативен пристап, преку телефонско анкетирање на полнолетно население на возраст од 18 и повеќе години, во деветте опфатени општини. Учеството беше доброволно, а пред секое интервју беше објаснета целта на истражувањето и побарана согласност за анкетирање. Реализирани се вкупно 1006 интервјуа.

Применет е диспропорционален стратифициран примерок. Во шесте помали општини се планирани по сто интервјуа за да има доволна аналитичка основа за секоја од нив одделно, а остатокот е распределен меѓу трите поголеми општини според нивната релативна големина. Тоа е свесна одлука во дизајнот, бидејќи примарната цел на истражувањето е споредба меѓу општините, а не една збирна процена. Внатре во секоја општина примерокот е дополнително стратифициран според место на живеење, пол, возраст и етничка припадност, врз основа на Пописот 2021. Резултатите се однесуваат на испитаниците во деветте опфатени општини. Тие не се национално репрезентативни и не смеат да се читаат како процена за целата држава.

*Табела 1. Реализиран примерок по општина, планирани и реализирани интервјуа*

| Општина | Планирани интервјуа | Реализирани интервјуа | Население 18+ | Маргина на грешка ± |
|---|---|---|---|---|
| Делчево | 100 | 100 | 11.883 | 9,8% |
| Кочани | 110 | 110 | 27.202 | 9,3% |
| Крива Паланка | 100 | 104 | 15.796 | 9,6% |
| Демир Хисар | 100 | 102 | 6.474 | 9,7% |
| Боговиње | 100 | 100 | 18.487 | 9,8% |
| Гази Баба | 150 | 150 | 57.812 | 8,0% |
| Босилово | 100 | 100 | 9.799 | 9,8% |
| Струга | 140 | 140 | 42.081 | 8,3% |
| Свети Николе | 100 | 100 | 13.274 | 9,8% |
| **ВКУПНО** | **1000** | **1006** | **202.808** | **3,5%** |

*Извор на популациските податоци: Попис на населението, домаќинствата и становите 2021, Државен завод за статистика. Маргината на грешка е пресметана за удел од педесет отсто и ниво на доверба од деведесет и пет отсто.*

**Тежини -** Бидејќи распределбата на интервјуата по општини не е пропорционална на бројот на жители, вкупниот резултат за деветте општини како целина е пондериран. Без пондерирање, малите општини би влијаеле врз збирниот резултат многу повеќе отколку што им следува според нивната големина. Гази Баба, на пример, учествува со 28,5 отсто во полнолетното население на деветте општини, а само со 14,9 отсто во примерокот. Демир Хисар е обратен случај, со 3,2 отсто од населението и 10,1 отсто од примерокот.

Тежината за секоја општина е количник од два удела, односно уделот на општината во вкупното полнолетно население на деветте општини, поделен со уделот на општината во реализираниот примерок. Како популациска рамка е користено полнолетното население според Пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година, вкупно 202.808 лица. Истите бројки се употребени и при планирањето на примерокот, што значи дека дизајнот и пондерирањето се направени од иста основа.

*Табела 2. Изведување на статистичката тежина по општина*

| Општина | Удел во популацијата | Удел во примерокот | Тежина |
|---|---|---|---|
| Делчево | 5,9% | 9,9% | 0,5894 |
| Кочани | 13,4% | 10,9% | 1,2267 |
| Крива Паланка | 7,8% | 10,3% | 0,7534 |
| Демир Хисар | 3,2% | 10,1% | 0,3148 |
| Боговиње | 9,1% | 9,9% | 0,9170 |
| Гази Баба | 28,5% | 14,9% | 1,9118 |
| Босилово | 4,8% | 9,9% | 0,4861 |
| Струга | 20,7% | 13,9% | 1,4910 |
| Свети Николе | 6,5% | 9,9% | 0,6584 |
| **ВКУПНО** | **100,0%** | **100,0%** | |

*Тежината е количник од уделот во популацијата и уделот во примерокот. Вредност поголема од еден значи дека општината е потценета во примерокот, а помала од еден дека е презастапена.*

Тежината е нормализирана, што значи дека збирот на сите поединечни тежини е точно еднаков на бројот на реализирани интервјуа. Пондерираниот вкупен број останува 1006, а се менува само распределбата на влијанието меѓу општините. Тежините внесуваат дополнителна варијанса во проценките. Големината на тој ефект се мери со дизајн ефектот, кој за оваа тежина изнесува 1,272, од што пак следува ефективна големина на пондерираниот примерок од 791 испитаник. Затоа маргината на грешка за вкупниот резултат е пресметана врз 791, а не врз 1006 испитаници, и изнесува приближно +/-3,5 процентни поени при удел од педесет отсто и ниво на доверба од деведесет и пет отсто. Од истата причина, кога се тестира разлика меѓу две пондерирани подгрупи, во тестот влегува ефективната големина на подгрупата.

Тежината има граници. Таа ја коригира само распределбата меѓу општините. Не ја коригира структурата по пол, возраст, образование или етничка припадност внатре во општините, бидејќи таа структура е веќе контролирана при реализацијата на примерокот. Не ја поправа ниту разликата во стапката на неодговарање меѓу општините, за што станува збор подолу. Резултатите по одделна општина се известуваат непондерирани.

**Статистичка обработка -** Именителот за сите проценти во извештајот се сите испитаници во соодветната група, вклучувајќи ги и оние што одговориле „не знам“ или одбиле да одговорат. Тие категории се прикажани во анализата затоа што кај повеќе прашања нивниот удел сам по себе е наод. Кај прашањата поставени само на дел од испитаниците, именителот е помал и е наведен на соодветното место.

Разликите меѓу подгрупите се тестирани со z-тест за разлика меѓу две пропорции, на праг на значајност од пет отсто. Подгрупите со помалку од педесет испитаници не се тестирани. Значајноста на поединечна категорија не се пренесува на збирот, па секој збирен показател е тестиран посебно. Сите бројки во извештајот произлегуваат од статистичката книга, која е официјалниот извор на податоци за оваа испорака.

**Ограничувања на општинските споредби -** Општинските процени се базираат на 100 до 150 интервјуа и имаат маргина на грешка од приближно ±8 до ±10 процентни поени. Дополнително, уделот на одговорите „не знам“ и „одбива да одговори“ се разликува меѓу општините и кај дел од ставовните прашања е значителен. Затоа општинските резултати се користат како дијагностички профили, а не како ранг-листа. Во анализата се приоритизираат разлики што се повторуваат низ повеќе поврзани показатели и се читаат заедно со уделот на неопределени одговори.

# 4. Информираност за климатското финансирање

Секој облик на граѓански надзор започнува со тоа дека граѓанинот знае за што станува збор. Затоа информираноста е мерена во две чекори. Прво беше побарано испитаникот со свои зборови да објасни што значи поимот „климатско финансирање“ во рамки на општината, без да му биде дадено објаснување или пример. Потоа, на сите испитаници им беше прочитано кратко објаснување и повторно беа прашани колку се запознаени со темата. Ваквата конструкција овозможува да се раздели вистинското познавање од препознавањето на поимот откако тој ќе биде опишан.

Резултатот покажува дека поимот е препознатлив, но плитко разбран. Дека можат сами да го објаснат поимот и концептот велат 33 отсто од испитаниците. Од останатите, дополнителни 25 отсто по прочитаното објаснување изјавуваат дека се запознаени со темата. Збирно, 58 отсто од граѓаните во деветте општини се информирани за поимот на некое ниво, додека 42 отсто остануваат неинформирани и по објаснувањето.

*Графикон 1. Информираност за поимот климатско финансирање, вкупно за деветте општини (отсто)*[1]




Разликата меѓу двата чекора е самата по себе показател. Кога поимот е поставен без помош, третина од граѓаните го препознаваат. Кога ќе им се даде опис, уделот на запознаени расте на 52 отсто. Изведениот показател покажува дека дополнителни 25 отсто се поттикнато информирани: не го објаснуваат поимот спонтано, но по прочитаното објаснување ја препознаваат темата. За унапредена комуникација тоа е корисен наод бидејќи темата не е туѓа, но називот што го користат институциите не допира до луѓето.

Проверката на квалитетот на спонтаното објаснување ја покажува вистинската длабочина на познавањето. Отворените одговори на 344 испитаници што рекоа дека можат да објаснат беа кодирани дополнително според тоа дали содржат и финансиска димензија и климатска или еколошка намена. Само 14 отсто од сите испитаници даваат објаснување што ги содржи и двете. Дополнителни 15 отсто ја именуваат само едната димензија, најчесто екологијата без парите, а 3 отсто даваат објаснување што не се однесува на поимот.

[1] *Прашање А1: Без да Ви дадам објаснување или примери, дали можете со свои зборови да кажете што значи поимот „климатско финансирање“ во рамки на општината? Прашање А2: Откако го слушнавте ова објаснување, колку сте запознаени со климатското финансирање? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Изведен показател. Спонтано информиран е испитаник што на А1 одговорил „да“. Поттикнато информиран е испитаник што на А1 не одговорил „да“, а на А2 одговорил дека е многу или донекаде запознаен. Дефиниција прочитана пред А2: „Во ова истражување, под климатско финансирање се подразбираат јавни и донаторски средства наменети за мерки како енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, заштита од поплави и пожари, управување со климатски ризици и урбано зеленило.“*

*Графикон 2. Точност на спонтаното објаснување, врз сите 1.006 испитаници (отсто)*[2]




Со други зборови, на секои седум граѓани еден навистина го разбира поимот и концептот онака како што го користат институциите. Тоа е основата врз која се гради секоја идна активност за граѓански надзор. Приказот по општина е даден во табела 3.

*Табела 3. Точност на спонтаното објаснување по општина (отсто)*[3]

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Точно објаснуваат | **14,3%** | 21% | 16% | 26% | 28% | 9% | 10% | 12% | 13% | 16% |
| Делумно точно | **14,9%** | 12% | 18% | 18% | 12% | 18% | 11% | 7% | 20% | 12% |
| Неточно | **3,3%** | 2% | 6% | 1% | 1% | 9% | 2% | 2% | 1% | 9% |
| Не можат да објаснат | **67,5%** | 65% | 59% | 55% | 59% | 64% | 77% | 79% | 66% | 63% |

Информативно е со што граѓаните го поврзуваат климатското финансирање. Најчестата прва асоцијација е обновливата енергија и енергетската ефикасност, кај 41 отсто, додека втора е заштитата од поплави, пожари и други природни ризици, кај 33 отсто, и трета намалувањето на загадувањето, кај 30 отсто. Меѓународните грантови и донаторските средства ги наведуваат само од 14 отсто.

*Графикон 3. Со која област граѓаните го поврзуваат климатското финансирање, вкупно (отсто)*[4]




[2] *Прашање А1а: Со Ваши зборови Ве молам кажете ми што разбирате под поимот „климатско финансирање“? Именител: сите 1006 испитаници. Прашањето А1а е поставено само на 344-те што на А1 одговориле „да“, а останатите се прикажани како категорија „не можат да објаснат“. Отворениот одговор е посткодиран според тоа дали содржи и финансиска димензија и климатска или еколошка намена. Правилото за кодирање е документирано во чистата база, лист „Отворени одговори“.*

[3] *Прашање А1а: Со Ваши зборови Ве молам кажете ми што разбирате под поимот „климатско финансирање“? Вкрстување: точноста на спонтаното објаснување (А1а, посткодирано) по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

[4] *Прашање А3: Со која од следните области најмногу го поврзувате климатското финансирање? Изберете до два одговори. Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Повеќекратно прашање со до два одговора, па збирот на категориите надминува 100 отсто.*

Ова е значаен наод бидејќи граѓаните го гледаат климатското финансирање како субвенција за домаќинството (лично), најчесто за клима уред, соларни панели или фасада, а не како јавни буџетски средства кои се планираат, распределуваат и врз кои се врши надзор. Тоа се потврдува и во отворените одговори, каде што најбројната тематска група се токму субвенциите за клима уреди и енергетска ефикасност. Кога средствата се доживуваат како лична поддршка, а не како јавни пари, може да биде послаб и мотивот тие да се следат како јавни пари – мотивирање на граѓански надзор. Податоците укажуваат на поврзаност меѓу ограниченото разбирање на финансиската димензија и слабата видливост на граѓанскиот надзор, но не утврдуваат причинско-последична врска.

Асоцијацијата се менува со степенот на запознаеноста. Кај оние што се запознаени со поимот, обновливата енергија ја наведуваат 58 отсто наспроти 23 отсто кај не-запознаените, а меѓународните грантови 18 наспроти 10 отсто. Не-запознаените почесто се потпираат на општите еколошки претстави, како паркови и зеленило.

*Графикон 4. Област на асоцијација според запознаеноста со поимот (отсто)*[5]




Возраста ја менува сликата внатре во групата запознаени. Меѓу нив, обновливата енергија е доминантна асоцијација во сите возрасни групи, но меѓународните грантови и донаторските средства ги наведуваат 29 отсто од најмладите наспроти 13 отсто од најстарите. Тоа значи дека претставата за климатското финансирање како надворешен, донаторски финансиски прилив постои речиси исклучиво кај помладите. Кај најстарите доминираат намалувањето на загадувањето и управувањето со отпадот, со 43 отсто, што е поблиску до комунална отколку до климатска рамка.

Возрасната структура на групата граѓани кои се доволно запознаени сама по себе е наод. Меѓу запознаените, 44 отсто се на возраст од 30 до 49 години, а само 13 отсто се на 65 и повеќе години, додека меѓу не-запознаените најстарата група учествува со 32 отсто.

[5] *Прашање А3: Со која од следните области најмногу го поврзувате климатското финансирање? Изберете до два одговори. Прашање А2: Откако го слушнавте ова објаснување, колку сте запознаени со климатското финансирање? Вкрстување: областа на асоцијација (А3) по степенот на запознаеност со поимот (А2). Запознаени се оние што одговориле „многу“ или „донекаде сум запознаен“, не се запознаени оние што одговориле „донекаде не“ или „воопшто не сум запознаен“. Именител: сите испитаници во колоната. Запознаени се 534, не се запознаени 465 испитаници. Пондерирано. Повеќекратно прашање, збирот на колоната надминува 100 отсто.*

*Табела 4. Област на асоцијација и контролни показатели според запознаеноста со поимот и возраста (отсто)*[6]

| Категорија на одговор | Сите испитаници | Запознаени со поимот | Од нив: 18 до 29 | Од нив: 30 до 49 | Од нив: 50 до 64 | Од нив: 65 и повеќе | Не се запознаени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База: реализирани интервјуа** | **1006** | **534** | **100** | **220** | **142** | **72** | **465** |
| Обновлива енергија и енергетска ефикасност | 41,0% | 58% | 60% | 62% | 57% | 46% | 23% |
| Заштита од поплави, пожари, ерозија и други природни ризици | 32,9% | 31% | 22% | 32% | 34% | 35% | 35% |
| Паркови, дрвореди и друго урбано зеленило | 27,1% | 23% | 27% | 24% | 19% | 24% | 32% |
| Намалување на загадувањето и подобро управување со отпадот | 30,4% | 31% | 22% | 30% | 35% | 43% | 30% |
| Меѓународни грантови и донаторски средства | 14,3% | 18% | 29% | 13% | 22% | 13% | 10% |
| Општински проекти за заштита на животната средина | 25,8% | 29% | 34% | 29% | 24% | 33% | 22% |
| Не знам | 5,4% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 11% |
| Може и сам да го објасни поимот (А1) | 32,5% | 52% | 58% | 53% | 47% | 47% | 12% |
| Општината добро информира (Т1) | 29,3% | 43% | 50% | 47% | 34% | 33% | 15% |
| Веројатно би пријавил неправилност (С3) | 29,1% | 37% | 44% | 39% | 34% | 29% | 21% |
| Високо образование | 31,9% | 42% | 51% | 51% | 33% | 22% | 21% |

***Разлики меѓу општините*** - Областа на асоцијација е прикажана во табела 5. Во најголем број општини доминира истата подредба, со обновливата енергија на прво место, што значи дека претставата за климатското финансирање е стабилна низ различни средини. Кај Кочани доминира одговорот Заштита од поплави, пожари и други природни ризици, додека во Свети Николе и Босилово намалување на загадување и управување со отпад го избрале најголем дел од испитаниците.

*Табела 5. Со која област граѓаните го поврзуваат климатското финансирање, по општина (отсто)*[7]

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обновлива енергија и енергетска ефикасност | **41,0%** | 44% | 26% | 36% | 58% | 30% | 49% | 39% | 48% | 26% |
| Заштита од поплави, пожари, ерозија и други природни ризици | **32,9%** | 35% | 43% | 21% | 54% | 24% | 33% | 20% | 33% | 38% |
| Паркови, дрвореди и друго урбано зеленило | **27,1%** | 14% | 25% | 22% | 10% | 33% | 35% | 7% | 27% | 27% |
| Намалување на загадувањето и подобро управување со отпадот | **30,4%** | 33% | 26% | 22% | 6% | 22% | 36% | 43% | 26% | 51% |
| Меѓународни грантови и донаторски средства | **14,3%** | 15% | 12% | 39% | 43% | 6% | 8% | 12% | 14% | 15% |
| Општински проекти за заштита на животната средина | **25,8%** | 18% | 31% | 21% | 25% | 25% | 28% | 14% | 28% | 22% |
| Не знам | **5,4%** | 12% | 4% | 9% | 0% | 11% | 1% | 23% | 6% | 1% |

[6] *Прашање А3: Со која од следните области најмногу го поврзувате климатското финансирање? Изберете до два одговори. Прашање А2: Откако го слушнавте ова објаснување, колку сте запознаени со климатското финансирање? Вкрстување: областа на асоцијација (А3) и контролните показатели по степенот на запознаеност со поимот (А2) и по возрасна група (D3). Именител: сите испитаници во колоната. Пондерирано. Повеќекратно прашање, збирот на колоната надминува 100 отсто.*

[7] *Прашање А3: Со која од следните области најмногу го поврзувате климатското финансирање? Изберете до два одговори. Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран. Повеќекратно прашање со до два одговора, збирот на колоната надминува 100 отсто*

Збирната информираност се движи од 50 отсто во Свети Николе до 73 отсто во Демир Хисар. Спонтаната информираност, која е поцврст показател, е највисока во Крива Паланка со 45 отсто и најниска во Босилово со 21 отсто.

*Графикон 5. Информираност за поимот по општина (отсто)*[8]




Разликите меѓу општините не се само во степенот на информираност, туку и во содржината на она што граѓаните го разбираат под климатско финансирање. Крива Паланка и Демир Хисар се издвојуваат со почесто препознавање на финансиската и донаторската компонента, додека во Боговиње, Гази Баба и Босилово е поголем јазот меѓу препознавањето на темата и можноста таа прецизно да се објасни. Кочани темата најчесто ја врзува со заштита од поплави, пожари и други природни ризици, а Свети Николе и Босилово со загадување и управување со отпадот. Оттука, единствена национална порака би била помалку ефикасна од локално адаптирана рамка што тргнува од проблемот што граѓаните веќе го препознаваат.

***Разлики по демографски сегменти -*** Најсилниот диференцијатор на информираноста е образованието. Меѓу испитаниците со основно образование информирани се 20 отсто, со средно 53 отсто, а со високо 78 отсто. Разликата од 58 процентни поени е поголема од која било разлика меѓу општините и е статистички високо значајна. Истиот образец се повторува и кај точноста на објаснувањето, каде што точно објаснуваат 3 отсто од оние со основно образование и 26 отсто од оние со високо.

Возраста дејствува во иста насока. Кај испитаниците од 30 до 49 години информирани се 72 отсто, а кај оние на 65 и повеќе години 35 отсто. Мажите се информирани почесто од жените, 65 наспроти 50 отсто, а градското население почесто од руралното, 65 наспроти 50 отсто.

> Заклучок: Климатското финансирање е препознатлив, но недоволно усвоен поим и концепт. Мнозинството на граѓани може да приближно да го идентификува, но само еден од седум граѓани го разбира како комбинација од јавни средства и климатска намена. Доминантната претстава е субвенција за домаќинството, а не средства од јавниот буџет. Тоа значи дека секоја активност вклучително и за граѓанско учество или надзор се препорачува да почне со јазик што ја поврзува климатската намена со потрошениот јавен денар, особено за групите со пониско образование и на постарото население, кај кои празнината е најголема.

[8] *Прашање А1: Без да Ви дадам објаснување или примери, дали можете со свои зборови да кажете што значи поимот „климатско финансирање“ во рамки на општината? Прашање А2: Откако го слушнавте ова објаснување, колку сте запознаени со климатското финансирање? Вкрстување: збирниот показател за информираност по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

# 5. Информирање и транспарентност

Втората тема ја мери успешноста на работата на општината онака како што ја доживуваат граѓаните. Прашањето е поставено директно: колку добро вашата општина ги информира граѓаните за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти. Дека општината информира многу добро сметаат 5 отсто, а главно добро 25 отсто. Дека информира главно лошо сметаат 23 отсто, а многу лошо уште 23 отсто. Преостанатите 24 отсто воопшто не знаат да оценат.

*Графикон 6. Оценка колку добро општината ги информира граѓаните за парите за еколошки и климатски проекти, вкупно (отсто)*[9]




Збирно, 29 отсто оценуваат дека општината информира добро, а 46 отсто дека информира лошо. Уделот од 24 отсто што не знае да оцени не е технички недостаток. Тоа е четвртина од граѓаните што немаат никаква основа да формираат мислење за начинот на кој нивната општина комуницира за јавните пари наменети за животната средина. Кај граѓаните со основно образование тој удел изнесува 49 отсто, а кај оние со високо 14 отсто. Кај неинформираните за поимот тој е 35 отсто, а кај информираните 16 отсто.

Каналите преку кои граѓаните доаѓаат до информации ја објаснуваат оваа состојба. Најсилни се двата канала врз кои општината има најмало влијание. Локалните медиуми допираат до 35 отсто од граѓаните често или понекогаш, а разговорот со пријатели, соседи и роднини до 34 отсто. Официјалната веб-страница и социјалните мрежи на општината допираат до 31 отсто. Додека граѓанските организации допираат до 23 отсто.

Најслабиот канал е токму оној што е замислен како главен инструмент за учество. Јавните расправи, собирите, работилниците и консултациите допираат до 16 отсто од граѓаните, додека 52 отсто велат дека никогаш не се информирале преку нив. Инструментот и механизмите што претставуваат основа за отчетност во пракса се најмалку достапни на граѓаните. Вкупно, 52 отсто од граѓаните добиваат информации барем од еден извор често или понекогаш. Другата половина нема воопшто контакт со оваа тема.

[9] *Прашање Т1: Колку добро Вашата општина ги информира граѓаните за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран*

*Графикон 7. Колку често граѓаните добиваат информации за еколошки и климатски проекти, по извор (отсто)*[10]




Оценката за информирањето и вистинската изложеност на информации одат рака в рака и тоа поцврсто отколку што би се очекувало од две одделни прашања. Меѓу оние што сметаат дека општината информира добро, 80 отсто добиваат информации преку каналите на самата општина често или понекогаш. Меѓу оние што сметаат дека информира лошо тој удел е 11 отсто, а меѓу оние што не знаат да оценат 8 отсто. Истиот распон се повторува кај сите пет извори.

Ова е важно за толкувањето на четвртината на граѓани што не знае да оцени. Таа група не е неутрална средина меѓу задоволните и незадоволните. По изложеноста на информации таа е гравитира поблиску до групата на незадоволните, а за дел од изворите на информирање и под нив: 28 отсто од оваа група добива информации барем од еден извор, наспроти 36 отсто кај незадоволните и 96 отсто кај задоволните. Односно, одговорот „не знам“ во овој контекст означува отсуство на контакт-инфрмираност со темата, а не воздржаност во оценката.

*Табела 6. Извори на информации според оценката за информирањето од општината (отсто)*[11]

| Показател | Сите испитаници | Општината информира добро | Општината информира лошо | Не знае да оцени |
|---|---|---|---|---|
| **База: реализирани интервјуа** | **1006** | **308** | **473** | **225** |
| **Се информира често или понекогаш, по извор** | | | | |
| Официјална веб-страница или социјални мрежи на општината | 30,5% | 80% | 11% | 8% |
| Локални медиуми, портали, радио или телевизија | 34,7% | 79% | 16% | 17% |
| Граѓански и невладини организации | 23,3% | 56% | 12% | 5% |
| Јавни расправи, собири, работилници или консултации | 16,2% | 44% | 5% | 5% |
| Пријатели, соседи или членови на семејството | 33,8% | 69% | 20% | 18% |
| **Се информира често, по извор** | | | | |
| Официјална веб-страница или социјални мрежи на општината | 6,7% | 20% | 1% | 1% |
| Локални медиуми, портали, радио или телевизија | 8,6% | 25% | 2% | 2% |
| Граѓански и невладини организации | 4,8% | 13% | 2% | 0% |
| Јавни расправи, собири, работилници или консултации | 4,5% | 14% | 1% | 0% |
| Пријатели, соседи или членови на семејството | 9,4% | 22% | 5% | 2% |
| **Се информира барем од еден извор** | **51,8%** | **96%** | **36%** | **28%** |
| **Не се информира ниту од еден извор** | **48,2%** | **4%** | **64%** | **72%** |

[10] *Прашање Т2: Во последните 12 месеци, колку често сте добивале информации за работата на општината во областа на животната средина преку секој од следните извори? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Пет одделни прашања со иста скала, по едно за секој извор. Секој ред се собира на 100 отсто засебно*

[11] *Прашање Т1: Колку добро Вашата општина ги информира граѓаните за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти? Прашање Т2: Во последните 12 месеци, колку често сте добивале информации за работата на општината во областа на животната средина преку секој од следните извори? Вкрстување: зачестеноста на информирање по извор (Т2) по оценката за информирањето од општината (Т1). Именител: сите испитаници во колоната. Пондерирано*

***Разлики меѓу општините -*** Оцената за информирањето варира значително. Дека општината информира добро сметаат 44 отсто во Боговиње и 12 отсто во Струга. Сепак, оваа споредба е меѓу најосетливите во целото истражување, затоа што уделот на оние што не знаат да оценат се движи од 5 отсто во Крива Паланка до 35 отсто во Босилово.

*Графикон 8. Оценка за информирањето од општината по општина (отсто)*[12]




Приказот по канали на информирање на општина ја покажува истата слика од друга страна. Свети Николе се издвојува со највисоки вредности кај сите три канала на општината, вклучувајќи 44 отсто кај јавните расправи. Оваа вредност е речиси трипати повисока од просекот и треба да се чита со резерва, бидејќи Свети Николе е и општината со најнизок удел на неодговарање во целото истражување. Струга е на спротивниот крај кај сите три канала.

*Графикон 9. Информирање преку каналите на самата општина, често или понекогаш, по општина (отсто)*[13]




Општинските профили покажуваат дека висок информациски опфат не е исто што и висока институционална транспарентност. Свети Николе и Демир Хисар имаат широк опфат преку повеќе извори, додека Струга има ограничен досег речиси преку сите канали. Босилово, од друга страна, има релативно висок опфат преку локални медиуми, граѓански организации и меѓучовечка комуникација, но многу ниска видливост на институционалниот надзор. Ова значи

[12] *Прашање Т1: Колку добро Вашата општина ги информира граѓаните за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран*

[13] *Прашање Т2: Во последните 12 месеци, колку често сте добивале информации за работата на општината во областа на животната средина преку секој од следните извори? Вкрстување: три од петте извори на информации (Т2) по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани. Прикажан е збирниот одговор „често“ или „понекогаш“.*

дека во некои општини проблемот е недостиг на информации, а во други недостиг на информација со вистинската содржина.

За целосен општински преглед, табелата подолу ги прикажува сите пет извори на информации. Таа покажува дека локалниот информациски екосистем се разликува по општина, односно некаде доминираат формалните канали, а некаде локалните медиуми и меѓучовечката комуникација.

*Табела 6А. Информирање често или понекогаш, по извор и општина (отсто)*[14]

| Показател | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Веб-страница и социјални мрежи на општината | **30,5%** | 22% | 32% | 38% | 26% | 39% | 33% | 27% | 19% | 46% |
| Локални медиуми, портали, радио или телевизија | **34,7%** | 42% | 35% | 31% | 67% | 42% | 35% | 48% | 16% | 53% |
| Граѓански и невладини организации | **23,3%** | 23% | 18% | 31% | 11% | 25% | 17% | 37% | 22% | 49% |
| Јавни расправи, собири, работилници или консултации | **16,2%** | 20% | 25% | 26% | 22% | 14% | 9% | 18% | 6% | 44% |
| Пријатели, соседи или членови на семејството | **33,8%** | 33% | 30% | 38% | 57% | 32% | 36% | 42% | 22% | 50% |

***Разлики по демографски сегменти -*** Информирањето преку каналите на општината е нерамномерно распределено по образование и по место на живеење. Јавните расправи допираат до 22 отсто од испитаниците со високо образование и до 9 отсто од оние со основно, до 20 отсто во градските и до 12 отсто во руралните средини. Тоа значи дека постојните инструменти за учество ги досегаат токму оние што и онака се најинформирани, а ги пропуштаат групите кај кои празнината е најголема.

Заклучок: Општините се оценети како слаби во ефективно информирање на темата, но дотолку повеќе што четвртина од граѓаните воопшто немаат основа да дадат оценка. Каналите на информирање коишто функционираат се примарно медиумите и разговорот меѓу луѓето, додека инструментите на општината, а особено јавните расправи, остануваат маргинални. Постојните канали на учество ја зголемуваат разликата наместо да ја намалуваат, бидејќи допираат претежно до образованото градско население.

## 6. Управување, отчетност и надзор

Третата тема ја разработува општата оценка конкретни компоненти на отчетното управување: *навремено објавување разбирливи информации, објаснување зошто се избрани одредени проекти, известување по завршувањето на проектите, суштинско учество на граѓаните во одлучувањето и постоење на контрола и надзор врз трошењето.* Кај секое тврдење испитаниците се изјаснуваа на скала од целосно се согласувам до воопшто не се согласувам.

Ниту едно од петте тврдења не добива согласност од мнозинството. Согласноста се движи од 32 отсто кај навременото објавување информации до 23 отсто кај контролата и надзорот. Несогласувањето е во сите пет случаи повисоко од согласноста и се движи меѓу 42 и 46 отсто.

[14] *Прашање Т2: Во последните 12 месеци, колку често сте добивале информации за работата на општината во областа на животната средина преку секој од следните извори? Прикажан е збирниот одговор „често“ или „понекогаш“. Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

*Графикон 10. Согласност со тврдењата за начинот на кој општината управува со еколошките и климатските средства, вкупно (отсто)*[15]




Најдобро е оценето она што е највидливо, односно објавувањето информации, а најслабо она што е најневидливо, односно контролата и надзорот. Кај тврдењето за контрола уделот на оние што не знаат да одговорат е највисок во целиот примерок - 34 отсто.

Тоа укажува дека една третина од граѓаните не можат ниту да потврдат ниту да негираат дека постои надзор врз трошењето на овие средства. Надзорната функција за нив едноставно не постои како видлив процес. Комбинацијата од ниска согласност и високо ниво на недавање на одговор кај истото тврдење не значи само несогласување. Кога граѓанинот вели дека не се согласува, тој има претстава за состојбата и таа претстава е негативна. Кога вели дека не знае, тој нема претстава. За институционален одговор - вториот случај бара поинаков одговор од првиот, затоа што не е потребно менување на мислење туку создавање видливост.

Второто најслабо оценето тврдење се однесува на суштинското учество на граѓаните во одлучувањето, со согласност од 25 отсто. Тоа е конзистентно со наодот од претходната тема дека јавните расправи допираат до 16 отсто од граѓаните.

***Разлики меѓу општините -*** Демир Хисар покажува согласност од 59 отсто за контролата и 66 отсто за учеството, што е меѓу трипати и шестпати повеќе споредено со одговорите кај Босилово и Струга. Истовремено Демир Хисар е и општината со најнизок удел на неодговарање, седум отсто, а Босилово со највисок, 29 отсто. Затоа овие разлики не се толкуваат како утврдена разлика во квалитетот на локалното управување. Она што е силно истакнато е дека во ниту една општина согласноста со тврдењето за контрола и надзор не го надминува мнозинството, освен во Демир Хисар. Во пет од деветте општини согласноста дека постои контрола и надзор е под 25 отсто.

Графиконот ги издвојува двете најважни компоненти за граѓански надзор, додека целосната батерија покажува и колку општините се разликуваат во објавувањето информации, образложувањето на изборот на проекти и известувањето за постигнатите резултати.

[15] *Прашање G1: Колку се согласувате или не се согласувате со следните тврдења за Вашата општина? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран.*

*Графикон 11. Согласност дека постои контрола врз трошењето и дека граѓаните учествуваат суштински, по општина (отсто)*[16]




*Табела 6Б. Согласност со петте тврдења за управувањето и надзорот, по општина (отсто)*[17]

| Показател | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Навреме објавува разбирливи информации | **31,6%** | 33% | 35% | 38% | 61% | 32% | 34% | 26% | 12% | 57% |
| Јасно го објаснува изборот на проекти и распределбата на средства | **29,2%** | 32% | 27% | 36% | 61% | 31% | 33% | 21% | 11% | 49% |
| По завршувањето објавува трошоци и резултати | **28,4%** | 28% | 29% | 28% | 61% | 23% | 30% | 15% | 20% | 49% |
| Овозможува суштинско учество на граѓаните | **24,8%** | 25% | 28% | 31% | 66% | 18% | 25% | 22% | 11% | 43% |
| Постои соодветна контрола и надзор | **23,4%** | 37% | 24% | 30% | 59% | 21% | 22% | 10% | 13% | 38% |

***Најголем предизвик според граѓаните -*** На прашањето што го гледаат како најголем предизвик за транспарентно и отчетно трошење, граѓаните на прво место ги ставаат политичките влијанија и партиските или деловните интереси, со 24 отсто.

Следуваат слабиот надзор и недоволната независна контрола со 10 отсто и недовербата во институциите со 10 отсто.

Вкупно 16 отсто не знаат кој е најголем предизвик за транспарентно и отчетно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во нивната општина.

Дека нема значаен предизвик сметаат 9 отсто, а 16 отсто не знаат да одговорат. Ако трите одговори што се однесуваат на институционалната слабост се земат заедно, односно слабиот надзор, недовербата во институциите и недоволната стручност во општината, тие збирно достигнуваат 28 отсто, што е споредливо со уделот на политичките влијанија. Граѓаните значи не гледаат еден проблем туку два: политичкото влијание врз одлуките и слабоста на механизмите што треба да го ограничат тоа влијание.

[16] *Прашање G1: Колку се согласувате или не се согласувате со следните тврдења за Вашата општина? Вкрстување: две од петте тврдења за управувањето (G1) по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран. Прикажан е збирниот одговор „целосно“ или „главно се согласувам“. Двете тврдења се одделни прашања и не се собираат.*

[17] *Прашање G1: Колку се согласувате или не се согласувате со следните тврдења за Вашата општина? Прикажан е збирниот одговор „целосно“ или „главно се согласувам“. Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран*

*Графикон 12. Најголем предизвик за транспарентно и отчетно трошење на средствата, вкупно (отсто)*[18]




*Табела 7. Најголем предизвик за транспарентно и отчетно трошење, по општина (отсто)*[19]

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Политички влијанија и партиски интереси | **24,2%** | 10% | 27% | 14% | 31% | 13% | 26% | 23% | 34% | 17% |
| Слаб надзор и недоволна контрола | **10,1%** | 10% | 10% | 21% | 9% | 6% | 11% | 3% | 9% | 9% |
| Недоверба во институциите | **9,6%** | 23% | 7% | 13% | 12% | 4% | 6% | 10% | 13% | 10% |
| Недоволно јасни и навремени информации | **9,0%** | 9% | 15% | 12% | 12% | 13% | 4% | 5% | 7% | 16% |
| Недоволна стручност во општината | **8,4%** | 10% | 19% | 6% | 8% | 4% | 6% | 1% | 6% | 17% |
| Мала вклученост на граѓаните | **7,8%** | 13% | 10% | 13% | 11% | 5% | 6% | 6% | 3% | 19% |
| Недоволно средства | **5,9%** | 13% | 5% | 13% | 10% | 3% | 6% | 2% | 4% | 5% |
| Нема значаен предизвик | **9,1%** | 10% | 1% | 1% | 4% | 16% | 17% | 4% | 6% | 6% |
| Не знам или одбива | **16,1%** | 2% | 5% | 7% | 4% | 36% | 18% | 46% | 19% | 1% |

И природата на проблемот е различна по општина. Во Кочани, Демир Хисар, Гази Баба, Босилово и Струга политичките и деловните влијанија се меѓу најчесто идентификуваните предизвици. Во Крива Паланка посилно се издвојува слабиот независен надзор, во Делчево недовербата во институциите, а во Свети Николе малата вклученост на граѓаните и административниот капацитет. Боговиње се разликува по тоа што голем дел од испитаниците воопшто не можат да идентификуваат предизвик.

***Разлики по демографски сегменти -*** Согласноста дека постои контрола и надзор е повисока кај информираните граѓани, 32 наспроти 12 отсто кај неинформираните, и кај испитаниците со високо образование, 31 наспроти 13 отсто кај оние со основно. Разликата меѓу градските и руралните средини изнесува 29 наспроти 17 отсто. Тоа значи дека видливоста на надзорната функција не е рамномерна, туку таа е видлива за оние што и онака се поблиску до јавните работи.

[18] *Прашање P4: Според Вас, кој е најголемиот предизвик за транспарентно и отчетно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во Вашата општина? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран.*
[19] *Прашање P4: Според Вас, кој е најголемиот предизвик за транспарентно и отчетно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во Вашата општина? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

Заклучок: Најслабата алка во отчетноста, според граѓаните, е токму контролата над трошењето на јавните средства. Таа не е само слабо оценета, туку е и невидлива за третина од граѓаните. Заедно со ниската согласност за суштинско граѓанско учество, тоа значи дека механизмите на отчетност постојат како формална рамка, но не постојат како искуство на граѓанинот. Приоритетот што произлегува од оваа тема не е нова процедура, туку видливост на постојната.

## 7. Перцепција за корупцијата и точки на ризик

*Показателите во ова поглавје мерат перцепција, односно што граѓаните мислат дека се случува. Тие не се и не смеат да се читаат како показател за утврдена корупција во која било општина.*

Перцепцијата за интегритетот во управувањето со јавните финансии во општината е негативна, но со голем удел неопределени. Дека корупцијата и злоупотребата на јавни средства во нивната општина се многу распространети сметаат 29 отсто, а донекаде распространети уште 28 отсто. Дека не се многу распространети велат 11 отсто, а дека воопшто не се распространети 5 отсто. Дополнително не знаат или одбиваат да одговорат 28 отсто.

*Графикон 13. Перцепција за распространетоста на корупцијата и злоупотребата на јавни средства во општината, вкупно (отсто)*[20]




Збирно, 57 отсто од граѓаните сметаат дека корупцијата е распространета, наспроти 15 отсто што мислат спротивното. Односот е речиси четири спрема еден. Сепак, уделот од 28 отсто неопределени е речиси двојно поголем од уделот на оние што даваат позитивна оценка, што значи дека негативната перцепција не е универзална, туку дека покрај неа постои и значителна неинформираност.

Кога станува збор за тоа каде граѓаните гледаат најголем ризик, одговорите се концентрираат. Јавните набавки и изборот на изведувачи ги наведуваат 28 отсто, што е скоро двојно повеќе од следната ставка. Недоволната стручност и слабата внатрешна контрола во општината ги наведуваат 16 отсто, изведбата на терен 10 отсто, одлучувањето кои проекти добиваат средства 8 отсто, а надзорот и известувањето 7 отсто.

Дека нема значаен ризик сметаат 10 отсто, а 21 отсто не знаат да одговорат. Концентрацијата врз јавните набавки е конзистентна со општата перцепција за јавната администрација во земјата и не е специфична за климатските проекти. Тоа е важно за толкување бидејќи граѓаните не идентификуваат ризик што е карактеристичен за климатското финансирање, туку го применуваат општото очекување за јавното трошење врз оваа нова област.

[20] *Прашање С1: Според Вашето мислење, колку се распространети корупцијата и злоупотребата на јавни средства во Вашата општина, генерално? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Показателот мери перцепција на граѓаните, не утврдена корупција.*

*Графикон 14. Точка во процесот со најголем ризик од злоупотреба, вкупно (отсто)*[21]




*Табела 8. Точка во процесот со најголем ризик од злоупотреба, по општина (отсто)22*

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавни набавки и избор на изведувачи | **28,0%** | 27% | 35% | 21% | 41% | 7% | 31% | 35% | 28% | 27% |
| Недоволна стручност и слаба контрола | **16,1%** | 6% | 27% | 19% | 6% | 11% | 11% | 1% | 21% | 31% |
| Изведба на терен | **10,0%** | 8% | 15% | 17% | 15% | 6% | 10% | 1% | 7% | 13% |
| Одлучување кои проекти добиваат средства | **7,6%** | 8% | 5% | 17% | 18% | 5% | 6% | 5% | 9% | 7% |
| Надзор и известување | **7,2%** | 17% | 7% | 11% | 9% | 5% | 4% | 3% | 9% | 9% |
| Нема значаен ризик | **10,2%** | 17% | 5% | 5% | 5% | 21% | 14% | 7% | 6% | 9% |
| Не знам или одбива | **20,9%** | 17% | 7% | 10% | 7% | 45% | 24% | 48% | 21% | 4% |

***Разлики меѓу општините -*** Опсегот е голем, од 23 отсто во Боговиње до 73 отсто во Демир Хисар. Овде треба да се забележи однос што делува спротивставено. Демир Хисар има истовремено највисока согласност дека општината добро управува со средствата и највисока перцепција дека корупцијата е распространета. Тоа не треба да се смета како противречност во податоците. Прашањето за корупцијата се однесува на општината генерално, а не само на еколошките и климатските проекти, па двете оценки може да се однесуваат на различни работи. Сепак, поверојатното објаснување е дека Демир Хисар е меѓу општините со најнизок удел на неодговарање, што ги подига сите изјаснувања, и позитивните и негативните. Боговиње и Босилово се на другиот крај, со 23 и 35 отсто, но со удел на неодговарање од 49 и 54 отсто кај ова прашање. Таму ниската перцепција за корупција не значи позитивна оценка, туку отсуство на изјаснување.

[21] *Прашање C2: Во кој дел од процесот, според Вас, постои најголем ризик од злоупотреба или неправилно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во рамки на општината? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран.*

[22] *Прашање C2: Во кој дел од процесот, според Вас, постои најголем ризик од злоупотреба или неправилно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во рамки на општината? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

*Графикон 15. Перцепција за распространетоста на корупцијата по општина (отсто)*[23]




***Клучен наод во оваа тема -*** Перцепцијата за корупцијата е единствениот показател во целото истражување што практично не се разликува меѓу информираните и неинформираните граѓани. Кај информираните таа изнесува 57 отсто, а кај неинформираните 58 отсто, а разликата не е статистички значајна. За споредба, кај подготвеноста за пријавување разликата меѓу истите две групи изнесува 36 наспроти 20 отсто и е високо значајна, а кај довербата во локалната власт 45 наспроти 28 отсто.

Ова има директна последица за проектната логика. Ако перцепцијата за корупција беше производ на информираност, тогаш поголемото знаење би водело кон поинаква оценка. Тоа не е случај. Перцепцијата за корупцијата функционира како општо очекување кон јавните институции, а не како заклучок изведен од познавање на конкретни проекти. Затоа кампањите за подигање на свеста не треба да се оценуваат според тоа дали ја намалиле перцепцијата за корупција. Тие треба да се оценуваат според показателите што навистина се менуваат со информираноста, а тоа се подготвеноста за пријавување, довербата во надзорните тела и подготвеноста за учество.

> Заклучок: Мнозинството граѓани очекуваат злоупотреба на јавните средства, а четвртина немаат став. Ризикот го лоцираат во јавните набавки, што е општо очекување пренесено врз оваа област, а не специфично препознавање на климатските проекти. Најважно, перцепцијата за корупција не се менува со информираноста, што значи дека таа не е показател преку кој треба да се мери успехот на активностите за подигање на свеста.

## 8. Подготвеност за пријавување неправилности

Оваа тема покажува дали претходно измерените ставови се претвораат во подготвеност за дејствување. Перцепцијата за корупцијата станува значајна за политиките дури кога води кон дејство. Затоа испитаниците беа прашани колку е веројатно дека би пријавиле сериозна неправилност доколку лично забележат дека средствата за еколошки проект намерно се злоупотребени, и кој фактор најмногу би влијаел врз таа одлука.

Одговорот е недвосмислен. Дека многу веројатно би пријавиле велат 11 отсто, а донекаде веројатно уште 18 отсто. Дека не е многу веројатно велат 24 отсто, а дека воопшто не е веројатно 38 отсто. Не знаат или одбиваат да одговорат 10 отсто.

[23] *Прашање C1: Според Вашето мислење, колку се распространети корупцијата и злоупотребата на јавни средства во Вашата општина, генерално? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани. Показателот мери перцепција, не утврдена корупција.*

*Графикон 16. Веројатност дека граѓанинот би пријавил забележана неправилност, вкупно (отсто)[24]*




Вкупно, 29 отсто би пријавиле, а 61 отсто не би пријавиле. Во врска со наодот дека 57 отсто сметаат дека корупцијата е распространета, заклучокот е индикативен. Мнозинството на граѓани очекува злоупотреба, но мнозинството истовремено нема да реагира. Јазот меѓу перцепцијата и подготвеноста за дејство изнесува 28 процентни поени.

Причината за тој јаз е измерена директно. На прашањето кој фактор најмногу би влијаел врз одлуката, најчестиот одговор не е стравот туку неверувањето. Дека не веруваат оти институциите ќе преземат нешто велат 29 отсто. Гарантираната анонимност и заштита ја наведуваат 18 отсто, а дека тоа не е нивна одговорност 16 отсто. Стравот од лични, работни или други негативни последици го наведуваат само 8 отсто.

*Графикон 17. Фактор што најмногу би влијаел врз одлуката да се пријави неправилност, вкупно (отсто)[25]*




*Табела 9. Фактор што најмногу би влијаел врз одлуката да се пријави неправилност, по општина (отсто)[26]*

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не верувам дека институциите ќе постапат | **28,7%** | 18% | 28% | 16% | 31% | 17% | 29% | 47% | 38% | 26% |
| Гарантирана анонимност и заштита | **18,2%** | 15% | 14% | 14% | 13% | 11% | 33% | 14% | 10% | 13% |

[24] *Прашање С3: Доколку лично забележите сериозна неправилност или се сомневате дека средства за еколошки проект намерно се користат за друга цел, колку е веројатно дека би го пријавиле тоа? Именител: сите 1006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран.*
[25] *Прашање С4: Кој од следните фактори најмногу би влијаел врз Вашата одлука дали да пријавите неправилност? Именител: сите 1.006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран.*
[26] *Прашање С4: Кој од следните фактори најмногу би влијаел врз Вашата одлука дали да пријавите неправилност? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тоа не е моја одговорност | **16,2%** | 26% | 15% | 10% | 2% | 36% | 15% | 7% | 17% | 8% |
| Да знам дека институцијата ќе постапи | **8,9%** | 7% | 5% | 6% | 13% | 6% | 7% | 12% | 11% | 25% |
| Страв од последици | **8,0%** | 24% | 5% | 15% | 10% | 4% | 3% | 6% | 11% | 8% |
| Можност да приложам докази | **6,0%** | 1% | 4% | 19% | 15% | 6% | 5% | 2% | 4% | 6% |
| Не знам каде и како се пријавува | **5,2%** | 8% | 9% | 4% | 7% | 4% | 3% | 4% | 6% | 4% |
| Едноставна постапка | **4,8%** | 0% | 3% | 14% | 9% | 10% | 4% | 0% | 2% | 8% |
| Ниту еден фактор, не би пријавил | **2,0%** | 0% | 15% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Друг фактор, не знам или одбива | **2,3%** | 1% | 3% | 1% | 1% | 6% | 1% | 8% | 1% | 2% |

Ова е наод што ја менува насоката на интервенцијата. Ако главната пречка беше стравот, одговорот би бил заштита на укажувачите и воспоставување на анонимни канали. Стравот постои и е реален за една осмина од граѓаните, но тој не е доминантниот механизам. Доминантниот канал е проценката дека пријавувањето нема да даде резултат. Тоа е проблем на недостаток на институционална кредибилност, а кредибилноста не се гради со канал за пријавување туку со видлив резултат од пријавите што веќе се поднесени - случаи.

Втората по големина ставка, гарантираната анонимност со 18 отсто и третата, ставот дека тоа не е моја одговорност со 16 отсто, покажуваат два аспекти. Првата е услов што институциите можат да го исполнат. Втората е прашање на граѓанска норма и се менува побавно, преку искуство дека учеството има смисла и има влијание.

***Разлики меѓу општините -*** Подготвеноста за пријавување се движи од 14 отсто во Делчево до 62 отсто во Демир Хисар. Ова е меѓу најголемите распони во истражувањето и, како и кај претходните теми, тој делумно го следи редоследот кај неодговарањето. Сепак, тука постои и еден образец. Трите општини со највисока подготвеност за пријавување, Демир Хисар со 62, Свети Николе со 56 и Кочани со 44 отсто, се истовремено и трите општини со највисока доверба во Државната комисија за спречување на корупцијата. Делчево и Струга, со најниска подготвеност за пријавување, се меѓу трите општини со најниска доверба во истата институција. Оваа поврзаност меѓу довербата и подготвеноста за дејство е конзистентна со наодот на вкупно ниво.

*Графикон 18. Веројатност за пријавување неправилност по општина (отсто)*[27]




[27] *Прашање С3: Доколку лично забележите сериозна неправилност или се сомневате дека средства за еколошки проект намерно се користат за друга цел, колку е веројатно дека би го пријавиле тоа? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

Бариерата за пријавување не е иста во сите општини. Во Босилово и Струга најсилно е изразено неверувањето дека институциите ќе преземат нешто, што укажува на проблем со институционалната ефикасност. Во Гази Баба гарантираната анонимност и заштита се издвојуваат како најсилен услов. Во Делчево се појавува различен профил, со висок удел на оние што сметаат дека пријавувањето не е нивна одговорност и на оние што стравуваат од последици. Во Крива Паланка релативно поголемо значење има можноста да се приложат јасни докази. Следствено, универзален механизам за пријавување нема да ја отстрани главната бариера во сите општини; комуникацијата и процедурите треба да се адаптираат на локалниите причини за воздржаност.

***Разлики по демографски сегменти -*** Подготвеноста за пријавување расте со образованието, од 20 отсто кај испитаниците со основно образование до 39 отсто кај оние со високо. Расте и со информираноста, од 20 отсто кај неинформираните до 36 отсто кај информираните, и таа разлика е статистички високо значајна. Помеѓу етничките групи разликата е голема, 36 отсто кај испитаниците што се изјасниле како Македонци и 17 отсто кај оние што се изјасниле како Албанци, но кај втората група и уделот на неодговарање е повисок, што бара претпазливост при толкувањето.

Разликата меѓу информираните и неинформираните е особено значајна. Информираноста не е поврзана со различна перцепција за корупција, но е поврзана со повисока подготвеност за реакција. Тоа значи дека вложувањето во знаење има најјасна мерлива врска токму со показателот што проектот сака да го зајакне.

> Заклучок: Две третини од граѓаните не би пријавиле неправилност, а причината не е страв туку неверување во исходот. Тоа го поместува приоритетот од заштита на укажувачите кон видливост на постапувањето. Информираноста и довербата во надзорните институции се двата фактора што се движат заедно со подготвеноста за пријавување, што ги прави и најпрактичните точки за интервенција.

## 9. Доверба во институциите

Довербата беше мерена за пет институции, поставена конкретно на трошењето на средствата за еколошки и климатски проекти, а не како општа доверба во институциите. Освен категориите на доверба и недоверба, испитаниците имаа и можност да одговорат дека не се доволно запознаени со институцијата за да ја оценат. Токму таа категорија се покажа како еден од најинформативните делови на истражувањето.

Централната власт и локалната општинска власт добиваат доверба од по 38 отсто, а недоверба од по 51 отсто. Граѓанските и невладините организации добиваат доверба од 28 отсто. Двете институции чија основна функција е надзор врз јавните средства се на дното на листата. Државниот завод за ревизија ужива доверба кај 23 отсто, а Државната комисија за спречување на корупцијата кај 22 отсто.

Кај двете надзорни институции проблемот не е само низок степен на доверба. Дека не се доволно запознаени со Државниот завод за ревизија велат 20 отсто, а со Државната комисија за спречување на корупцијата 14 отсто. За споредба, кај централната и локалната власт тој удел е по 4 отсто. Со други зборови, институциите на кои граѓанинот би требало да им пријави злоупотреба се истовремено и најмалку од доверба и најмалку познати.

Овој наод е конзистентен со претходната тема. Кога 29 отсто велат дека не веруваат оти институциите ќе преземат нешто, а истовремено значителен дел не се доволно запознаени со

ДКСК и ДЗР, податоците упатуваат дека институционалната невидливост е важен дел од проблемот. Истражувањето, сепак, не мери директно дали недовербата произлегува од лично негативно искуство или од непознавање.

*Графикон 19. Доверба во институциите за трошењето на средствата/надзор за еколошки и климатски проекти, вкупно (отсто)*[28]




***Разлики меѓу општините -*** Довербата во Државната комисија за спречување на корупцијата се движи од 6 отсто во Босилово до 35 отсто во Свети Николе, а во Државниот завод за ревизија од 8 до 41 отсто. Уделот на оние што не се запознаени со Заводот се движи од 2 отсто во Свети Николе до 53 отсто во Босилово. Опсегот од 51 процентен поен е најголемиот распон на непознавање во целото истражување и повторно се совпаѓа со општата стапка на неодговарање во тие две општини.

*Графикон 20. Доверба во двете надзорни институции и удел на оние што не се запознаени со нив, по општина (отсто)*[29]




Она што се истакнува кај сите општини е редоследот. Во осум од деветте општини локалната власт ужива повисока доверба од двете надзорни институции. Единствен исклучок е Кочани, каде што довербата во Државната комисија е за два процентни поени повисока од довербата во

[28] *Прашање TR1: Колкава доверба имате во следните институции и организации дека одговорно управуваат или вршат надзор над еколошките и климатските фондови? Именител: сите 1.006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Пет одделни институции со иста скала. Секој ред се собира на 100 отсто засебно. Категоријата „не сум доволно запознаен“ е содржинска и влегува во именителот.*

[29] *Прашање TR1: Колкава доверба имате во следните институции и организации дека одговорно управуваат или вршат надзор над еколошките и климатските фондови? Вкрстување: две од петте институции (TR1) по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Прикажани се збирниот одговор „целосно“ или „главно им верувам“ и посебно категоријата „не сум доволно запознаен со ДЗР“.*

локалната власт, и тоа затоа што довербата во локалната власт е таму најниска во целото истражување. Хиерархијата на доверба е стабилна и не зависи од тоа која општина се гледа.

Целосниот приказ ја потврдува оваа хиерархија, но покажува и важни локални исклучоци во довербата кон централната власт и граѓанските организации, кои се релевантни при изборот на локални партнери и комуникациски носители.

*Табела 9А. Доверба во петте институции и организации, по општина (отсто)[30]*

| Показател | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Централна власт, Влада и министерства | **37,7%** | 39% | 30% | 31% | 37% | 41% | 45% | 21% | 36% | 45% |
| Локална општинска власт | **37,5%** | 39% | 27% | 36% | 47% | 45% | 43% | 29% | 28% | 55% |
| ДКСК | **22,2%** | 18% | 29% | 19% | 30% | 26% | 27% | 6% | 11% | 35% |
| ДЗР | **23,2%** | 16% | 26% | 23% | 26% | 20% | 27% | 8% | 17% | 41% |
| Граѓански и невладини организации | **28,3%** | 32% | 20% | 33% | 22% | 26% | 29% | 24% | 25% | 53% |

***Разлики по демографски сегменти -*** Довербата во Државната комисија за спречување на корупцијата е 30 отсто кај испитаниците со високо образование и 10 отсто кај оние со основно, 28 отсто кај информираните и 14 отсто кај неинформираните. Разликата меѓу возрасните групи е помала, што значи дека препознатливоста на надзорните институции е повеќе прашање на образование и на изложеност на темата отколку на генерација.

> Заклучок: Довербата во институциите што треба да го обезбедат интегритетот на климатското финансирање е најниска токму кај телата специјализирани за надзор, а тоа не е резултат на негативно искуство туку на непознавање. Од петте измерени органи, само централната и локалната власт се препознатливи за речиси сите граѓани. Тоа значи дека приоритет пред градењето доверба е градењето препознатливост.

# 10. Граѓански консултации и идно учество

Последната тема го поврзува мереното мислење со досегашната пракса и со подготвеноста за иден ангажман. Прво беше утврдено дали општината во последните три години го консултирала или го вклучила испитаникот пред да донесе одлука за еколошки, климатски или инфраструктурен проект. Одговорот е дека тоа се случило со 10 отсто од граѓаните. Од нив, 2 отсто биле консултирани повеќе од еднаш, а 8 отсто еднаш. Дека не биле консултирани ниту еднаш велат 87 отсто.

*Табела 10. Дали општината го консултирала граѓанинот во последните три години, по општина (отсто)[31]*

| Категорија на одговор | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, повеќе од еднаш | **2,4%** | 2% | 5% | 3% | 6% | 3% | 1% | 2% | 1% | 6% |
| Да, еднаш | **7,5%** | 11% | 3% | 6% | 11% | 14% | 9% | 11% | 4% | 5% |
| Не, ниту еднаш | **86,7%** | 83% | 92% | 89% | 76% | 65% | 87% | 84% | 94% | 89% |
| Не знам или одбива | **3,5%** | 4% | 1% | 2% | 7% | 18% | 3% | 3% | 0% | 0% |

[30] *Прашање TR1: Колкава доверба имате во следните институции и организации дека одговорно управуваат или вршат надзор над еколошките и климатските фондови? Прикажан е збирниот одговор „целосно“ или „главно им верувам“. Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*
[31] *Прашање P1: Во последните три години, дали Вашата општина Ве консултирала или вклучила пред да донесе одлука за еколошки, климатски или инфраструктурен проект? Вкрстување: одговорите на прашањето по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

*Графикон 21. Удел на граѓани што општината ги консултирала пред одлука за еколошки, климатски или инфраструктурен проект, по општина (отсто)*[32]




Разликите меѓу општините кај овој показател се меѓу најмалите во истражувањето, од 6 отсто во Струга до 17 отсто во Демир Хисар и Боговиње. Малиот опсег е важен наод сам по себе. Кај фактичкото прашање, кое бара сеќавање на настан а не оценка, разликите меѓу општините се неспоредливо помали отколку кај прашањата со ставови.

Меѓу 111-те испитаници што биле консултирани, најчестиот начин била јавна расправа, отворена средба или собир во општината - кај 39 отсто, потоа месната или урбаната заедница кај 31 отсто и анкета или прашалник кај 29 отсто. Оваа база е премногу мала за споредба меѓу општините и резултатот е даден на вкупно ниво.

Искуството на консултираните гражани е претежно позитивно. Дека нивните предлози биле земени предвид во голема мера сметаат 18 отсто, а донекаде 57 отсто. Дека биле земени предвид во мала мера или воопшто не сметаат 22 отсто. Со сета претпазливост поради малата база, ова покажува дека проблемот со учеството не е во квалитетот на консултациите туку во нивниот обем. Оние што влегле во процесот претежно останале со впечаток дека тоа имало смисла.

***Интерес за идно учество -*** Интерес за барем една од понудените активности изразуваат 25 отсто од граѓаните. Структурата на тој интерес е поважна од неговата големина.

*Графикон 22. Интерес за учество во идни активности поврзани со климатското финансирање, вкупно (отсто)*[33]




---

[32] *Прашање P1: Во последните три години, дали Вашата општина Ве консултирала или вклучила пред да донесе одлука за еколошки, климатски или инфраструктурен проект? Вкрстување: збирниот одговор „да“ на P1 по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Прикажан е збирот од одговорите „да, повеќе од еднаш“ и „да, еднаш“.*

[33] *Прашање E1: Во кои од следниве активности би сакале да се вклучите за да придонесете во Вашата општина? Секој ред е посебна мерка со одговор да или не. Именител: сите 1.006 испитаници, вклучувајќи ги „не знам“ и „одбива да одговори“. Вкупниот резултат е пондериран. Пет одделни мерки со одговор да или не. Прикажан е уделот на одговорот „да“ по активност..*

Најпосакувана е најпасивната форма. Да добиваат информации за резултатите од проектот, без директно учество, сакаат 19 отсто. Следуваат едукативните кампањи со 16 отсто и работилниците за креирање локални мерки со 14 отсто. Формите што бараат вистински ангажман се на дното: предлагање и одлучување за распределба на средства сакаат 11 отсто, а следење на трошоците и теренска контрола исто 11 отсто.

Разликите во интересот треба да се читаат и според видот на посакуваното учество. Во Демир Хисар постои интерес и за активни форми како одлучување за средства и следење на трошоци, а во Кочани следењето на трошоците е меѓу најпосакуваните активности. Во Струга интересот најмногу се концентрира на добивање информации за резултатите, што ја прави информацијата логична почетна форма на вклучување. Во Гази Баба интересот е низок кај сите форми и таму првиот чекор треба да биде лесно достапна форма на комуникација, а не барање за формално учество. Свети Николе покажува висок интерес низ сите понудени форми и претставува најпогодна средина за тестирање на поширок партиципативен модел/модел на граѓанско учество.

*Графикон 23. Интерес за барем една идна активност, по општина (отсто)*[34]




Разложувањето по вид на активност е важно за практичната примена на наодите, бидејќи вкупниот интерес не значи ист тип на ангажман во секоја општина. Последниот ред ја прикажува и согласноста проектниот тим повторно да го контактира испитаникот, што е оперативна основа за идно вклучување.

*Табела 10А. Интерес за конкретни форми на идно учество и согласност за контакт, по општина (отсто)*[35]

| Показател | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работилници за заедничко креирање локални мерки | **13,9%** | 5% | 21% | 10% | 26% | 10% | 5% | 13% | 14% | 51% |
| Предлагање и одлучување за распределба на средства | **10,8%** | 8% | 21% | 11% | 30% | 4% | 0% | 10% | 7% | 52% |
| Следење на трошоци и теренска контрола | **10,8%** | 3% | 24% | 10% | 26% | 9% | 1% | 9% | 5% | 49% |
| Едукативни кампањи и подигнување на јавната свест | **16,2%** | 9% | 23% | 13% | 25% | 16% | 9% | 16% | 11% | 59% |

[34] *Прашање Е1: Во кои од следниве активности би сакале да се вклучите за да придонесете во Вашата општина? Секој ред е посебна мерка со одговор да или не. Вкрстување: интересот за барем една активност (Е1) по општина на живеење (D1). Именител: сите испитаници во општината. Прикажан е уделот на испитаници што одговориле „да“ на најмалку една од петте активности*

[35] *Прашање Е1: Во кои од следниве активности би сакале да се вклучите за да придонесете во Вашата општина? Прикажан е одговорот „да“ за секоја активност. Прашање Е2: Дали се согласувате проектниот тим повторно да Ве контактира за учество во некоја од овие активности? Именител: сите испитаници во општината. Општинските резултати се непондерирани, вкупниот е пондериран.*

| Показател | Вкупно | Делчево | Кочани | Крива Паланка | Демир Хисар | Боговиње | Гази Баба | Босилово | Струга | Свети Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Информации за резултатите, без директно учество | **19,5%** | 11% | 24% | 13% | 42% | 9% | 7% | 15% | 28% | 59% |
| Е2: Согласност проектниот тим повторно да контактира | **9,4%** | 6% | 15% | 0% | 28% | 4% | 5% | 9% | 6% | 41% |

***Разлики по демографски сегменти -*** Интересот за учество расте со образованието, од 12 отсто кај испитаниците со основно до 41 отсто кај оние со високо, и опаѓа со возраста, од 31 отсто кај групата од 30 до 49 години до 12 отсто кај оние на 65 и повеќе години. Кај информираните за поимот интересот изнесува 34 отсто, а кај неинформираните 14 отсто.

Истиот образец се повторува и кај досегашната вклученост, каде што биле вклучени 16 отсто од испитаниците со високо образование и 4 отсто од оние со основно. Постојната пракса на учество додава кон постојната нееднаквост во информираноста наместо да ја израмнува.

> Заклучок: Учеството е ретко, но кога се случува, оние што биле вклучени претежно го оцениле како позитивно. Интересот за идно вклучување постои кај четвртина од граѓаните и е претежно пасивен, што ја определува и почетната точка. Постојните канали на учество систематски ги фаворизираат пообразованите и помладите, што значи дека проширувањето на опфатот бара други канали, а не поинтензивна употреба на истите механизми.

# 11. Заклучоци и препораки

## *Клучни заклучоци*

- Климатското финансирање е познат како термин, но не и како јавна тема. Мнозинството граѓани можат да го определат приближно, но само 14 отсто од граѓаните даваат објаснување што содржи и елементи на јавни средства и за климатската намена. Доминантната претстава е за субвенција за домаќинството, најчесто за клима уред или соларен панел, а не за јавен буџетски процес кој вклучува планирање и контрола.
- Ваквата претстава е поврзана со слабата основа за граѓански надзор. Кога средствата се доживуваат како лична поддршка, а не како јавни пари, потешко се создава мотив тие да се следат како јавни буџетски средства. Четвртина од граѓаните воопшто не знаат да оценат како нивната општина информира за овие средства, а третина не можат да кажат ниту дали постои контрола врз трошењето.
- Општините се оценети како слаби во информирањето, но каналите што функционираат не се општинските канали. Локалните медиуми и разговорот меѓу луѓето допираат до околу третина од граѓаните, додека јавните расправи и консултациите допираат до 16 отсто, а 52 отсто никогаш не се информирале преку нив. Инструментите кои се клучни за отчетност се во пракса најмалку присутни.
- Најслабо оценета компонента на управувањето е токму контролата над трошењето на општинските средства, со согласност од 23 отсто и со највисок удел неопределени во целиот примерок - 34 отсто. Надзорната функција за голем дел од граѓаните не постои како видлива појава.
- Мнозинството од 57 отсто очекува злоупотреба на јавните средства, а ризикот го лоцира во јавните набавки, кај 28 отсто. Тоа е општо очекување кон јавното трошење пренесено врз

оваа конкретна област, а не заклучок изведен од познавање на конкретни климатски проекти.

- Јазот меѓу перцепцијата и дејствувањето изнесува 28 процентни поени. Само 29 отсто би пријавиле неправилност. Главната пречка не е стравот, кој го наведуваат 8 отсто, туку неверувањето дека институциите ќе преземат нешто, кај 29 отсто. Ова е проблем на институционална кредибилност, не на лична безбедност.

- Институциите на кои би им се пријавило се со најмалку доверба и се истовремено најмалку познати. Довербата во Државната комисија за спречување на корупцијата изнесува 22 отсто, а во Државниот завод за ревизија 23 отсто, при што 14 и 20 отсто од граѓаните велат дека не се доволно запознаени со нив. Ниската доверба се совпаѓа со ниска препознатливост на надзорните институции; истражувањето не утврдува дали недовербата произлегува од непознавање, од негативно искуство или од комбинација на двете.

- Досегашно учество е од само 10 отсто на граѓаните, додека со интерес за идно вклучување има кај една четвртина од граѓаните, но интересот останува претежно пасивен. Најпосакуваната форма на учество е добивањето информации за резултатите, кај 19 отсто, а најмалку посакувани се одлучувањето за средства и следењето на трошоците, по 11 отсто.

- Клучниот наод од истражувањето покажува дека перцепцијата за корупцијата останува идентична кај информираните и неинформираните граѓани (57 наспроти 58 отсто), додека информираноста има силна мерлива поврзаност со подготвеноста за пријавување, довербата во институциите и интересот за учество. Заклучокот што произлегува е дека проблемот не е граѓанска апатија. Граѓаните имаат став за интегритетот на јавното трошење и тој став е претежно негативен. Она што недостасува е видлива институционална противтежа. Механизмите на отчетност постојат како формална рамка, но не постојат како искуство на граѓанинот, а она што не се гледа не може ниту да произведе доверба ниту да мотивира дејство.

### *Заклучоци по општини*

- **Делчево.** Клучната празнина во Делчево не е примарно во препознавањето на темата, туку во претворањето на знаењето во граѓанско дејство. Во споредба со вкупниот резултат, информираноста и перцепцијата дека постои контрола се релативно поволни, но подготвеноста за пријавување е најниска. Комбинацијата од страв, став дека пријавувањето не е лична одговорност и ниска доверба во надзорните институции покажува дека проблемот е во очекуваната цена и корист од реакцијата. За Делчево, граѓанскиот надзор мора да се претстави како безбедна, легитимна и конкретна форма на локална одговорност.

- **Кочани.** Кочани се профилира како критична, но не и пасивна јавност. Граѓаните даваат слаба оценка на општинското информирање, имаат висока перцепција за корупција и ризикот го концентрираат во јавните набавки и внатрешната контрола. Истовремено, подготвеноста за пријавување е над просекот и постои релативна доверба во ДКСК. Ова создава подобра основа за механизми на независен надзор, следење на јавните набавки и конкретно пријавување отколку за општа кампања за подигање на свеста.

- **Крива Паланка.** Во Крива Паланка основата за напредна комуникација е посилна од во повеќето други општини. Познавањето на поимот е подлабоко, грантовите и финансиската компонента се почесто препознаени, а граѓаните релативно јасно ги идентификуваат слабостите во надзорот. Подготвеноста за пријавување е исто така релативно висока. Следниот чекор не треба да биде само објаснување „што е климатско

финансирање“, туку практично знаење за буџети, договори, докази, контролни механизми и начини на реакција.

- **Демир Хисар.** Демир Хисар претставува средина со висока информираност, видливост на локалните процеси и висока подготвеност за реакција. Истовремено, граѓаните остануваат силно критични кон општата состојба со корупцијата и особено кон јавните набавки. Тоа покажува дека подобрата информираност не создава автоматски попозитивни ставови, туку може да создаде поактивна јавност. Поради нискиот удел на неопределени одговори, високите вредности треба да се читаат како силна изразена позиција, а не како доказ дека локалното управување објективно е подобро или полошо.
- **Боговиње.** Во Боговиње главниот заклучок е отсуството на сигурно формирано мислење за дел од институционалните процеси. Граѓаните релативно позитивно го оценуваат информирањето од општината, но истовремено голем дел не знаат да оценат корупција, ризик или предизвици на отчетноста. Затоа резултатите не треба да се интерпретираат како низок ризик или висока доверба. Потребно е прво да се создаде разбирлива мапа на тоа кои средства постојат, кој одлучува, кој контролира и што може да направи граѓанинот.
- **Гази Баба.** Гази Баба ја комбинира високата перцепција за ризик со мала подготвеност за активно вклучување. Жителите релативно јасно ги препознаваат јавните набавки како ранлива точка, но пријавувањето и интересот за идно учество се ниски. Високото значење на анонимноста покажува дека граѓаните можеби не го доживуваат учеството како доволно безбедно или нискоризично. Во урбана и голема општина како Гази Баба, масовните јавни настани сами по себе веројатно нема да го решат проблемот; потребни се лесни, дигитални и анонимни начини на реакција.
- **Босилово.** Босилово е најизразен пример на институционална невидливост. Ниската доверба во ДКСК и ДЗР е придружена со исклучително висока непознатост на нивната улога, а и кај локалниот надзор голем дел од граѓаните не можат да дадат оценка. Затоа ниту ниската изразена перцепција за корупција ниту ниските оценки на ризикот треба да се читаат позитивно. Во оваа општина првата цел не е промена на ставот, туку создавање основа врз која став воопшто може да се формира.
- **Струга.** Струга има најконзистентен профил на комуникациски и институционален дефицит. Слабата оценка на општинското информирање се повторува во нискиот опфат на официјалните канали, ниската видливост на надзорот, ниската доверба и високата перцепција за политички влијанија и корупција. Подготвеноста за пријавување е меѓу најниските. Сепак, релативно високиот интерес за идни активности покажува дека ситуацијата не треба да се толкува како граѓанска апатија. Постојат граѓани што би се вклучиле доколку добијат поверодостојна информација, видлив резултат и реален простор за учество.
- **Свети Николе.** Свети Николе има најсилна основа за активирање на следење и надзор. Иако разбирањето на самиот поим климатско финансирање не е меѓу највисоките, граѓаните се значително изложени на локални информации, покажуваат висока доверба, подготвеност за пријавување на неправилности и интерес за повеќе форми на учество. Оттука, главната потреба не е создавање интерес, туку негово насочување кон конкретни процедури на следење и одлучување. Истовремено, изразената загриженост за административниот капацитет покажува дека граѓанското учество треба да се поврзе со подобра документација и јасни механизми за контрола.

## *Клучни Препораки*

## *Комуникација и информираност*

- **Комуникација со едноставни термини -** Во комуникацијата со граѓаните треба да се избегнуваат само технички термини  туку истите да се користи со опис што ја врзува намената со јавните средства, на пример средства од општинскиот буџет или европски фондови за енергетска ефикасност, за заштита од поплави и за почист воздух, за справување со суша поради климатските промени и сл. Основа за ова се 33 отсто кои можат сами да го објаснат поимот, а дополнителни 25 отсто се поттикнато информирани откако ќе го слушнат објаснувањето, што покажува дека содржината е попрепознатлива од самиот термин.
- **Раздвојување на разбирањето за средства од буџетот со субвенција за домашен буџет -** Комуникацијата треба експлицитно да покаже дека субвенцијата за клима уред или за соларен панел е дел од ист јавен буџет што се планира, распределува и контролира. Основа за ова се 41 отсто кои го поврзуваат климатското финансирање со обновлива енергија и енергетска ефикасност, а само 14 отсто со меѓународни грантови и донаторски средства.
- **Приоретизирање на групите со најголема празнина -**  Активностите за подигање на свеста треба да се насочат кон граѓаните со основно и средно образование, кон населението на 65 и повеќе години и кон руралните средини. Основа за ова е информираноста која изнесува 20 отсто кај испитаниците со основно образование наспроти 78 отсто кај оние со високо и 35 отсто кај групата од 65 и повеќе години наспроти 72 отсто кај групата од 30 до 49 години.

## *Видливост на надзорот*

- **Надзорот треба да биде видлив пред да се подобри -**  Општините треба еднаш годишно да објавуваат едноставен преглед во кој за секој завршен еколошки или климатски проект стои колку средства се потрошени, кој ја вршел контролата и каков бил наодот. Основа за ова е тврдењето дека постои соодветна контрола и надзор врз трошењето со која се согласуваат 23 отсто, а 34 отсто не знаат да одговорат, што е највисок удел неопределени во целата батерија.
- **Известување по завршување, не само пред почеток -** Согласноста дека општината објавува информации навремено изнесува 32 отсто, а дека известува по завршување на проектите 28 отсто. Разликата покажува дека комуникацијата се концентрира на најавата, а слабее токму таму каде што отчетноста станува проверлива.

## *Канали и опфат*

- **Користење преку каналите што веќе функционираат -** Локалните медиуми и меѓучовечката комуникација допираат до 35 и 34 отсто од граѓаните, наспроти 16 отсто кај јавните расправи. Соработката со локални медиуми и со локални органзации носи поголем опфат од дополнителни јавни настани.
- **Редизајн на јавните расправи наместо зголемување во обем -**  Постојниот формат допира до 22 отсто од испитаниците со високо образование и 9 отсто од оние со основно, до 20 отсто во градските и 12 отсто во руралните средини. Потребни се формати врзани за постојни собири во месните заедници и за термини што одговараат на работното население.

## *Институции и пријавување*

- **Приоритетот за надзорните тела е препознатливост пред доверба -** Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија треба да имаат повидливо присуство на локално ниво, со конкретни примери на постапување. Основа за ова се 14 отсто од граѓаните кои не се доволно запознаени со Комисијата и 20 отсто со Заводот, наспроти 4 отсто кај централната и локалната власт.
- **Истакнат исход, не само канал за пријавување -** Механизмот за заштитено пријавување треба да биде проследен со редовно објавување колку пријави се примени, колку се обработени и со каков резултат. Основа се 29 отсто како главна пречка го наведуваат неверувањето дека институциите ќе преземат нешто, а само 8 отсто стравот од последици.
- **Гаранција за анонимност експлицитно и видливо -** Гарантираната анонимност и заштита ја наведуваат 18 отсто како фактор што најмногу би влијаел врз одлуката, што ја прави втора по важност. За разлика од кредибилноста, ова е услов што може да се исполни веднаш и да се комуницира јасно.

# Анекс 1. Демографска структура на примерокот

Приказот ги содржи и пондерираните проценти, што ја одразуваат вистинската распределба на населението во деветте општини, и непондерираниот број реализирани интервјуа во секоја категорија.Вкупните резултати за деветте општини и демографските вкрстувања се пресметани врз пондерираните податоци, додека резултатите за секоја поединечна општина се непондерирани.

**Тип на населено место**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Градско населено место | 51,1% | 489 |
| Рурално или селско населено место | 48,9% | 517 |

**Возрасна група**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| 18 до 29 години | 18,5% | 178 |
| 30 до 49 години | 34,2% | 334 |
| 50 до 64 години | 25,5% | 270 |
| 65 и повеќе години | 21,8% | 224 |

**Пол**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Женски | 49,4% | 495 |
| Машки | 50,6% | 511 |

**Етничка припадност**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Македонец или Македонка | 65,2% | 728 |
| Албанец или Албанка | 26,8% | 211 |
| Друга | 7,8% | 66 |
| Одбива да одговори | 0% | 1 |

**Највисоко завршено образование**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Без завршено или незавршено основно образование | 1,2% | 20 |
| Основно образование | 8,3% | 103 |
| Средно образование | 58,4% | 582 |
| Вишо или високо стручно образование | 9,4% | 80 |
| Високо образование, факултет | 19,5% | 191 |
| Магистерски, специјалистички или докторски студии | 3,1% | 29 |

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Одбива да одговори | 0% | 1 |

**Работна состојба**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Работи | 60,6% | 600 |
| Невработен | 10,8% | 121 |
| Пензионер | 21,1% | 211 |
| Друго и неактивен | 6,9% | 70 |
| Одбива да одговори | 1% | 4 |

**Вкупен нето месечен приход на домаќинството**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| До 30.000 денари | 12,4% | 151 |
| Од 30.001 до 50.000 денари | 26,4% | 257 |
| Од 50.001 до 100.000 денари | 34,0% | 331 |
| Над 100.000 денари | 7,4% | 84 |
| Не знам | 5,4% | 35 |
| Одбива да одговори | 16% | 148 |

**Домаќинството добило јавна поддршка за зелена или енергетска намена во последните пет години**

| Категорија | Пондериран удел | Реализирани интервјуа |
|---|---|---|
| Да | 6% | 61 |
| Не | 92% | 926 |
| Не знам | 5,4% | 17 |
| Одбива да одговори | 0% | 2 |

# Анекс 2. Прашалник

Прашалникот е даден во финалната верзија што беше администрирана на теренот. Прашалникот е администриран телефонски, на македонски и на албански јазик. Одговорите „Не знам“ и „Одбива да одговори“ не се читаат наглас, туку се бележат кога испитаникот не може или не сака да одговори. Кај прашањата чии категории немаат природен редослед, редоследот на читање е рандомизиран, а „Друго“, „Не знам“ и „Одбива да одговори“ остануваат на крајот од листата.

### Вовед што го чита анкетарот

Добар ден. Јас сум ......... и работам за Агенција Рејтинг. За потребите на Центарот за економски анализи, спроведуваме истражување за информираноста, транспарентноста и учеството на граѓаните во локалните еколошки и климатски проекти.

Анкетата трае приближно 5 минути. Учеството е доброволно. Вашите одговори се доверливи и ќе бидат анализирани само збирно. Можете да одбиете да одговорите на кое било прашање или да го прекинете учеството во секое време. За да учествувате потребно е да имате наполнето 18 години.

### S0. Согласност за учество

Дали се согласувате да учествувате во анкетата?

1. Да, се согласувам
2. Не, не се согласувам
98. Не знам
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот не е 1, интервјуто завршува.*

### S1. Полнолетство

Дали имате 18 или повеќе години?

1. Да
2. Не
98. Не знам
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот не е 1, интервјуто завршува.*

### D1. Општина на живеење

Во која општина живеете?

1. Делчево
2. Кочани
3. Крива Паланка
4. Демир Хисар
5. Боговиње
6. Гази Баба
7. Босилово
8. Струга
9. Свети Николе
97. Друга општина
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот е 97 или 99, интервјуто завршува.*

### D2. Тип на населено место

Дали населеното место во кое живеете е градско или рурално/селско?

1. Градско населено место
2. Рурално/селско населено место
98. Не знам

99. Одбива да одговори

### D3. Возраст

Колку години имате?

*Запиши цел број.*

Во која возрасна група припаѓате?

1. 18 до 29 години
2. 30 до 49 години
3. 50 до 64 години
4. 65 и повеќе години
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### D4. Пол

*Не читај, само забележи.*

1. Женски
2. Машки
99. Одбива да одговори

### D5. Етничка припадност

Како се изјаснувате во однос на Вашата етничка припадност?

1. Македонец/Македонка
2. Албанец/Албанка
97. Друга етничка припадност
99. Одбива да одговори

### A1. Спонтано разбирање на поимот

*Пред ова прашање не се дава дефиниција, пример или објаснување.*

Без да Ви дадам објаснување или примери, дали можете со свои зборови да кажете што значи поимот „климатско финансирање“ во рамки на општината?

1. Да
2. Не
98. Не знам
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот е 1, се поставува A1a. Во сите други случаи се преминува на A2.*

### A1a. Отворен спонтан одговор

*Се поставува само на испитаниците што одговориле A1 = 1.*

Со Ваши зборови Ве молам кажете ми што разбирате под поимот „климатско финансирање“?

*Запишете го одговорот во целост. Не дообјаснувајте, не коригирајте и не нудете примери.*

### Дефиниција што ја чита анкетарот пред A2

Во ова истражување, под „климатско финансирање“ се подразбираат јавни и донаторски средства наменети за мерки како енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, заштита од поплави и пожари, управување со климатски ризици и урбано зеленило.

### A2. Поттикната запознаеност

Откако го слушнавте ова објаснување, колку сте запознаени со климатското финансирање?

1. Многу сум запознаен/а
2. Донекаде сум запознаен/а
3. Донекаде не сум запознаен/а
4. Воопшто не сум запознаен/а
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### А3. Главна асоцијација со климатското финансирање

Со која од следните области најмногу го поврзувате климатското финансирање?

*Изберете до два одговори.*

1. Обновлива енергија и енергетска ефикасност
2. Заштита од поплави, пожари, ерозија и други природни ризици
3. Паркови, дрвореди и друго урбано зеленило
4. Намалување на загадувањето и подобро управување со отпадот
5. Меѓународни грантови и донаторски средства
6. Општински проекти за заштита на животната средина
97. Друго
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### Т1. Општа оцена на информирањето

Колку добро Вашата општина ги информира граѓаните за тоа како се планираат и трошат парите за еколошки и климатски проекти?

1. Многу добро
2. Главно добро
3. Главно лошо
4. Многу лошо
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### Т2. Зачестеност на информациите по извор

Во последните 12 месеци, колку често сте добивале информации за работата на општината во областа на животната средина преку секој од следните извори?

1. Официјална веб-страница или социјални мрежи на општината
2. Локални медиуми, портали, радио или телевизија
3. Граѓански и невладини организации
4. Јавни расправи, собири, работилници или консултации
5. Пријатели, соседи или членови на семејството

*Скала за секој извор: 1 Често, 2 Понекогаш, 3 Ретко, 4 Никогаш, 98 Не знам, 99 Одбива да одговори.*

### G1. Оцена на управувањето со климатските средства

Колку се согласувате или не се согласувате со следните тврдења за Вашата општина?

1. Навреме објавува разбирливи информации за планираните еколошки и климатски проекти.
2. Јасно објаснува зошто се избрани одредени проекти и како се распределуваат средствата.
3. По завршувањето на проектите објавува колку средства се потрошени и какви резултати се постигнати.
4. Им овозможува на граѓаните суштински, а не само формално, да учествуваат во одлучувањето.
5. Постои соодветна контрола и надзор врз трошењето на средствата.

*Скала за секое тврдење: 1 Целосно се согласувам, 2 Главно се согласувам, 3 Главно не се согласувам, 4 Воопшто не се согласувам, 98 Не знам, 99 Одбива да одговори.*

### С1. Општа распространетост на корупцијата

Според Вашето мислење, колку се распространети корупцијата и злоупотребата на јавни средства во Вашата општина, генерално?

1. Многу се распространети
2. Донекаде се распространети
3. Не се многу распространети
4. Воопшто не се распространети
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### С2. Најголем ризик при климатското финансирање

Во кој дел од процесот, според Вас, постои најголем ризик од злоупотреба или неправилно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во рамки на општината?

1. Кога се одлучува кои еколошки/климатски проекти ќе добијат средства
2. При јавните набавки и изборот на фирми што ќе ја извршуваат работата
3. При изведбата на терен, квалитетот, количината и цената на работите
4. При надзорот, проверката и известувањето за резултатите
5. Поради недоволна стручност и слаба внатрешна контрола во општината
6. Сметам дека нема значаен ризик од злоупотреба или неправилности

98. Не знам
99. Одбива да одговори

### C3. Веројатност за пријавување

Доколку лично забележите сериозна неправилност или се сомневате дека средства за еколошки проект намерно се користат за друга цел, колку е веројатно дека би го пријавиле тоа?

1. Многу е веројатно
2. Донекаде е веројатно
3. Не е многу веројатно
4. Воопшто не е веројатно

98. Не знам
99. Одбива да одговори

### C4. Главен фактор што влијае врз пријавувањето

Кој од следните фактори најмногу би влијаел врз Вашата одлука дали да пријавите неправилност?

1. Гарантирана анонимност и заштита доколку пријавам
2. Едноставна и јасна постапка за пријавување
3. Да знам дека надлежната институција навистина ќе постапи
4. Можност да приложам јасни докази или документи
5. Страв од лични, работни или други негативни последици
6. Не верувам дека институциите ќе преземат нешто
7. Не знам каде и како се пријавува неправилност
8. Тоа не е моја одговорност

97. Друг фактор, наведете
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### TR1. Доверба во одговорното управување со средствата

Колкава доверба имате во следните институции и организации дека одговорно управуваат или вршат надзор над еколошките и климатските фондови?

1. Централната власт, Владата и министерствата
2. Локалната општинска власт, Градоначалникот и општинската администрација
3. Државната комисија за спречување на корупцијата, ДКСК
4. Државниот завод за ревизија, ДЗР
5. Граѓанските и невладините организации

*Скала за секоја институција: 1 Целосно им верувам, 2 Главно им верувам, 3 Главно не им верувам, 4 Воопшто не им верувам, 97 Не сум доволно запознаен/а, 98 Не знам, 99 Одбива да одговори.*

### P1. Искуство со консултација

Во последните три години, дали Вашата општина Ве консултирала или вклучила пред да донесе одлука за еколошки, климатски или инфраструктурен проект?

1. Да, повеќе од еднаш
2. Да, еднаш
3. Не, ниту еднаш

98. Не знам / не се сеќавам
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот е 1 или 2, се поставуваат P2 и P3. Во сите други случаи се преминува на P4.*

### P2. Начин на вклучување

*Се поставува само на испитаниците што одговориле P1 = 1 или P1 = 2.*

На кој начин бевте консултирани или вклучени?

*Може да се изберат повеќе одговори. 98 и 99 не смеат да се комбинираат со други одговори.*

1. Преку анкета или прашалник
2. На јавна расправа, отворена средба или собир во општината
3. Преку месна или урбана заедница
4. На работилница, фокус-група или тематска средба
5. Преку онлајн консултација, веб-страница или социјални мрежи
6. Со директна покана, телефонски повик или е-пошта

97. На друг начин, наведете
98. Не знам / не се сеќавам
99. Одбива да одговори

### P3. Перципирано влијание на граѓанските предлози

*Се поставува само на испитаниците што одговориле P1 = 1 или P1 = 2.*

Според Ваш впечаток, колку беа земени предвид предлозите и ставовите на граѓаните во конечната одлука?

1. Во голема мера
2. Донекаде
3. Во мала мера
4. Воопшто не беа земени предвид

98. Не знам
99. Одбива да одговори

### P4. Главен предизвик

Според Вас, кој е најголемиот предизвик за транспарентно и отчетно трошење на средствата за еколошки и климатски проекти во Вашата општина?

1. Недоволно јасни и навремени информации за проектите и буџетите
2. Политички влијанија и партиски или деловни интереси
3. Слаб надзор и недоволна независна контрола
4. Недоволна стручност и административен капацитет во општината
5. Мала или формална вклученост на граѓаните
6. Недоволно средства за реализација на квалитетни проекти
7. Недоверба во институциите и ниска подготвеност за пријавување неправилности
8. Сметам дека нема значаен предизвик

97. Друг предизвик, наведете
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### E1. Интерес по вид на активност

Во кои од следниве активности би сакале да се вклучите за да придонесете во Вашата општина?

*Секој ред е посебна Да/Не мерка.*

1. Учество на работилници за заедничко креирање локални климатски мерки заедно со општината
2. Предлагање и одлучување за распределба на општински средства за еколошки проекти
3. Обука и учество во следење на општинските трошоци и теренска контрола на проектите
4. Учество во едукативни кампањи и подигнување на јавната свест во мојата заедница
5. Добивање информации за резултатите од проектот, без директно учество

*Скала за секоја активност: 1 Да, 2 Не, 98 Не знам, 99 Одбива да одговори.*

### E2. Интерес за контакт

Доколку за најмалку една од претходно наведените активности одговоривте „Да“, дали сакате проектниот тим да Ве контактира со дополнителни информации или покана?

1. Да, сакам да бидам контактиран/а
2. Не, не сакам да бидам контактиран/а

3. Не одговорив „Да“ за ниту една активност
98. Не знам
99. Одбива да одговори

*Ако одговорот е 1, се поставува CNS1. Во сите други случаи интервјуто завршува.*

### Известување што го чита анкетарот пред CNS1

Контактот е доброволен и ќе се користи само за да Ви испратиме информации или покана за проектните активности за кои изразивте интерес. Пристап до контактот ќе има само овластениот проектен тим.

## CNS1. Контакт информација

*Се поставува само на испитаниците што одговориле E2 = 1.*

Ве молиме кажете ми телефонски број или адреса за е-пошта преку која сакате да бидете контактирани.

## SE1. Највисоко завршено образование

### Премин што го чита анкетарот

За крај, уште неколку прашања за Вас лично.

Кое е највисокото ниво на образование што сте го завршиле?

1. Без завршено основно или незавршено основно образование
2. Основно образование
3. Средно образование
4. Вишо или високо стручно образование
5. Високо образование, факултет
6. Магистерски, специјалистички или докторски студии
98. Не знам
99. Одбива да одговори

## SE2. Моментален работен статус

Кој од следните описи најдобро ја опишува Вашата моментална работна состојба?

1. Вработен/а во јавен сектор
2. Вработен/а во приватен сектор
3. Самовработен/а или сопственик/чка на бизнис
4. Сезонски, повремено или хонорарно работам
5. Земјоделец/ка
6. Невработен/а
7. Ученик/студент
8. Пензионер/ка
9. Домаќин/ка или неплатена грижа за членови на домаќинството
97. Друго
98. Не знам
99. Одбива да одговори

## SE3. Вкупен месечен приход на домаќинството

Колкав е приближно вкупниот нето месечен приход на сите членови на Вашето домаќинство?

*Прочитајте ги категориите. Ако приходите варираат, побарајте просек за вообичаен месец.*

1. Нема редовен месечен приход
2. До 30.000 денари
3. Од 30.001 до 50.000 денари
4. Од 50.001 до 70.000 денари
5. Од 70.001 до 100.000 денари
6. Од 100.001 до 150.000 денари
7. Повеќе од 150.000 денари
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### SE4. Претходно користење јавна поддршка

Во последните пет години, дали Вашето домаќинство добило јавна субвенција, грант или друга поддршка за енергетска ефикасност, обновлива енергија или еколошка мерка?

1. Да
2. Не
98. Не знам
99. Одбива да одговори

### Завршна порака што ја чита анкетарот

Ви благодариме на одвоеното време.